# СЕКСУАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА, РОДОТ И МЕДИУМИТЕ

## Анализа на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата и родово заснованото насилство

Ирена Цветковиќ
Мања Величковска
Елена Гаговска

# СЕКСУАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА, РОДОТ И МЕДИУМИТЕ

## Анализа на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата и родово заснованото насилство

Главна истражувачка и
авторка на Извештајот:
Ирена Цветковиќ

Истражувачки и авторки
на студии на случај:
Мања Величковска и
Елена Гаговска

Коалиција МАРГИНИ Скопје
2021

# СОДРЖИНА


**1. ДЕФИНИЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ** ........ 8

**2. МЕТОД** ........ 10

2.1. ТЕОРИСКИ И МЕТОДОЛОШКИ КОНЦЕПТ ........ 11

2.2. МЕТОДИ ЗА ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗАТА ........ 15

2.3. АЛАТКИ ЗА ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗАТА ........ 16

2.4. СТРАТЕГИЈА НА ПРИМЕРОЧЕЊЕТО (SAMPLING STRATEGY) ........ 17

**3. АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ПИШУВА: ИРЕНА ЦВЕТКОВИЌ)** ........ 18

3.1. РЕЗУЛТАТИ ОД ДИСКУРЗИВНАТА АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКИТЕ ДИСКУРСИ ........ 19

3.1.1. ЛГБТИ СВЕДЕНИ НА ЛЕГАЛИСТИЧКАТА РАМКА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И (НЕ)ДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 20

3.1.2. ЛГБТИ ВО РАМКИ НА ДЕСЕН ПОПУЛИСТИЧКИ ДИСКУРС ........ 26

3.1.3. ЛГБТИ КАКО ДИСКУРЗИВНО ОРУЖЈЕ ЗА ПОЛИТИЧКИ/ПАРТИСКИ ПРЕСМЕТКИ ........ 35

3.1.4. ЛГБТИ КАКО ЗАКАНА ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НОРМИ ИЛИ КОЛЕКТИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ ........ 37

3.1.5. ТРАНСРОДОВИТЕ ЛУЃЕ КАКО ПОСЕБНА ГРУПА ОД ИНТЕРЕС ........ 41

3.2. ПРЕПОРАКИ ........ 43

**4. МОРАЛИЗИРАЊЕ, ОБВИНУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ И БАРАЊЕ ПРАВДА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ЗА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА „ЈАВНА СОБА“ (ПИШУВА: ЕЛЕНА ГАГОВСКА)** ..... 46

4.1. ВОВЕДНИ СОГЛЕДБИ ..... 46
4.2. ОБВИНУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ НАСПРОТИ РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО ..... 47
4.3. ФОКУС НА ДЕТСКА ПОРНОГРАФИЈА НАСПРОТИ ГЛАСОВИТЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ЖРТВИ ..... 51
4.4. ПРИВАТНАТА СФЕРА vs. ЈАВНАТА СФЕРА: КАДЕ Е ВИНАТА? ..... 55
4.5. РЕАКЦИЈАТА НА ЈАВНАТА СФЕРА: ПОЛИТИЗАЦИЈА НА „ЈАВНА СОБА“ ..... 58
4.6. СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ: НОВ НАРАТИВ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ..... 60
4.7. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ..... 62

**5. МОРАЛНАТА ПАНИКА И ПРЕТСТАВАТА НА ЛГБТИ ВО МЕДИУМИТЕ (ПИШУВА: МАЊА ВЕЛИЧКОВСКА)** ..... 64

5.1. ВОВЕД: МОРАЛНАТА ПАНИКА И ОПШТЕСТВЕНАТА КЛИМА ЗА НЕЈЗИН РАЗВОЈ ..... 64
5.2. УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА МОРАЛНАТА ПАНИКА ..... 67
5.3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЗАКАНАТА ..... 68
5.4. ИМЕНУВАЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛОТ ..... 74
5.5. ПОВИЦИ ЗА АКЦИЈА ..... 79
5.6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ: ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД МОРАЛНАТА ПАНИКА ..... 83

# 1.

# ДЕФИНИЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ

Медиуми се средства за јавно информирање, односно тие претставуваат каков било вид на комуникација, како што се весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност. Членот 4 од Законот за медиуми[1] забранува со објавувањето, односно емитувањето на содржини во медиумите, да се загрозува националната безбедност, да се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија, да се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, да се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. Ставот 2 предвидува посебните забрани да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права. Сепак, и покрај референцирањето кон практиката на Европскиот суд за човекови права, сексуалната ориентација и родовиот идентитет не се експлицитно наведени како заштитна карактеристика. Дополнително, недефинирањето на интернет-порталите во Законот за медиуми, како и во другите закони од медиумското право, ја оневозможува регулацијата на содржините кои се пласираат во јавноста. Оттаму, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми, сè до донесување на соодветна законска регулатива, нема можност да постапува против порталите, иако, статистички, говорот на омраза во најголемиот дел се појавува на интернет-порталите.

Истражувањето на мислењето на публиката во Република Северна Македонија, спроведено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2017 година, покажа дека на 70 % од испитаниците им пречат сцени во кои двајца мажи се држат за рака, додека само на 7 % им пречат сцени во кои маж и жена се држат за рака. Истражувањето на јавното мислење за правата на ЛГБТИ луѓето на Civil Rights Defenders

1 Закон за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 184/13). Достапен на: https://bit.ly/2ZPnjFg

од 2021 година покажува извесни унапредувања. Сепак, истото истражување покажува дека најчестите стереотипи за ЛГБТИ луѓето сè уште уживаат значајна поддршка. Така, на пример, 59 % од испитаниците сметаат дека хомосексуалноста е болест, 40 % сметаат дека Парадата се организира за да се провоцира мнозинството што не ги поддржува, па оттука на 53 % им пречи Парадата на гордоста. Статистиката на говорот на омраза во Северна Македонија од 2013 до 2021[2] покажа дека говорот на омраза заснован врз сексуална ориентација и родов идентитет е втора по ред застапена форма на овој говор, веднаш по говорот на омраза заснован врз етничка припадност, со кој тесно се поврзани и основите религија, раса, потекло и јазик.

Последователни домашни анализи на медиумските содржини поврзани со ЛГБТИ заедницата укажуваат на тоа дека патријархалната хетеронормативна хегемонија најјасно е продуцирана низ медиумските дискурси и како норма е репродуцирана низ времето, придонесувајќи за цементирање на таканаречените традиционални вредности и културата на нетолеранција и дискриминација кон оваа група (Мицковски 2017).

2 Приказ на пријави на говор на омраза во Северна Македонија, достапен на: http://www.govornaomraza.mk/reports

# 2.

# МЕТОД

Оваа анализа има за цел: да понуди релевантни податоци, анализи и знаења за хегемонистичките стратегии на врамување, застапеност и дискурзивна конструкција на сексуалните и родови малцинства во традиционалните и онлајн медиумите во Северна Македонија, да понуди трансформации и можен напредок на овие медиумски практики низ годините, и да изготви препораки што се однесуваат на медиумите, регулаторните тела за медиуми, донесувачите на одлуки и активисти за човекови права заради подобрување и трансформација на хегемониските медиумски дискурси и репрезентации на ЛГБТИ заедницата.

Главна цел на анализата е:

- Да спроведе детално истражување и извештај на медиумското претставување на родовите и сексуалните малцинства и дискурзивните стратегии при известување за ЛГБТИ и родови прашања;
- Да ги зголеми знаењата на медиумските работници, медиумската заедница и (само)регулаторните медиумски тела за историјата и стратегиите на медиумските репрезентации на сексуалните и родовите малцинства;
- Да ги информира и понуди конкретни препораки на засегнатите страни, донесувачите на одлуки и стручните служби од областа на медиумите, недискриминацијата и родовата еднаквост за проблемите и важноста од етички и професионални медиумски дискурси во однос на инклузијата на родовите и сексуалните малцинства;
- Да понуди податоци засновани врз докази кои понатаму можат да се користат за застапување при креирање на меѓусекторски политики, практики и програми кои ќе ја подобрат состојбата со видливоста, репрезентацијата и дискриминацијата на ЛГБТИ лицата;
- Да ја зајакне соработката меѓу релевантните регулаторни тела и граѓанското општество со цел подобрување на застапеноста, видливоста и репрезентацијата на родовите и сексуалните малцинства.

## 2.1. ТЕОРИСКИ И МЕТОДОЛОШКИ КОНЦЕПТ

Теорискиот концепт ја исцртува аналитичката и теориската рамка низ која се разгледуваат медиумските содржини од аспект на еднаквоста и недискриминација. За да може да се анализираат медиумските содржини, најпрво треба да се дефинираат теориските концепти врз кои ќе се заснова спроведената анализа.

### МЕДИУМСКИ ДИСКУРСИ

Нашата анализа се потпира на теорискиот концепт на современите медиумски студии, според кои медиумските дискурси не се огледало на реалноста туку се активни конструирачи на нашата „реалност“. Имено, под медиумски дискурс ги подразбираме оние интеракции што се одвиваат преку платформа за емитување, без разлика дали говорни или пишани, во кои дискурсот е ориентиран кон неприсутен читател, слушател или гледач. Со други зборови, медиумскиот дискурс претставува јавна, произведена и снимена/запишана форма на интеракција. Имајќи предвид дека медиумските дискурси се конструкти, односно се произведени, нашата анализа е насочена не само кон репертоарот од зборови и слики кои се вклучени во овој процес на производство, туку и кон идеолошките нивоа зафатени од него.

### ВРАМУВАЊЕ НА МЕДИУМСКИ ДИСКУРСИ

Врамувањето, во контекст на медиумските дискурси, претставува агол или перспектива од која се раскажува една вест. Медиумските содржини речиси никогаш не се апсолутно објективни или лишени од вредности, туку напротив, тие се идеолошки, етички и политички обележани не само во нивната содржина туку и низ процесите на нивното конструирање. Оттука, медиумските содржини не ги разбираме како рефлексии на реалноста, туку како реконструкција од дадени агли на еден дел од реалноста што ја живееме. Оваа позиција не значи дека новинарите и медиумските работници се служат со лаги и свесно изобличување на реалноста, туку дека новинарите, покривајќи одредени вести или настани од даден конкретен агол и користејќи одредени извори, ја градат реалноста преку смислен и селективен процес.

### ПРЕТСТАВА/РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Оваа анализа е насочена кон откривање на начините на кои се конструираат и претставуваат (репрезентираат) определени општествени групи како лезбијките, геј-мажите, бисексуалците, трансродовите лица, жените и маргинализираните жени. Репрезентацијата се однесува на јазикот и сликите што се

користат во текстуалните или во говорните манифестации со цел обликување на значењето на одредени општествени групи и создавање перцепција на „општата јавност“ за нив.

## ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Западната филозофија и теорија разликува три клучни концепти на еднаквоста, и тоа:

I. Перспектива на еднаквост: според која целта е жените да се здобијат со истите права и привилегии кои ги уживаат мажите, преку идентификување на полиња на нееднаков третман и нивно елиминирање по пат на дискурзивни, правни и законски реформи.

II. Перспектива на разлика: според која е нужно препознавањето и почитувањето на разликите меѓу мажите и жените, па врз основа на овие разлики треба да се гради културната, општествената и политичката рамноправност. Оваа перспектива ја критикува перспективата на еднаквоста поради тоа што, според неа, маскулинитетот е норма низ која жените се оценувани, а женственоста е позиционирана како нешто што треба да се надмине за да се постигне еднаквоста.

III. Перспектива на диверзитет: која ги комбинира двете перспективи и ги критикува во нивната исклучивост. Еднаквоста и разликата не се некомпатибилни, тие стануваат некомпатибилни само доколку еднаквоста се поистовети со истост.

Нашата анализа ја одбира перспективата на диверзитет. Овој теориски концепт ја надминува замката на непрепознавање на општествено конструираните и патријархалната природа на системите, меѓу кои и системот на „род“, типична за перспективата на еднаквост. Сепак, оваа перспектива не го игнорира фактот дека „мажественоста“ и „женственоста“ се општествени конструкти како што е случајот со перспективата на разлика. Перспективата на диверзитет ја надминува и деконструира исклучувачката логика на и/или концептот и е апликативна за анализа на репрезентација на родовите и сексуалните малцинства во медиумските дискурси.

Еднаквоста во оваа анализа се сфаќа како концепт на рамноправност меѓу мажите и жените, но и рамноправност на ЛГБТИ и хетеросексуалната и цисродовата заедница, особено од аспект на социјален статус и граѓански и политички права. Еднаквоста ја мериме не само како обезбедување на еднакви можности, туку и постигнување на суштествена еднаквост. Во нашиот пристап се земени предвид разликите меѓу мажите и жените, како и разликите во рамките на овие групи мажи и жени во контекст на тоа колку и на кој начин се поврзани

со постигнување на еднаквост и рамноправност. Еднаквоста, истовремено, се мери преку преземање на норми, вредности и животни стилови од страна на жените, а кои западната култура ги смета за типично машки, но и преку промовирање на норми, вредности и животни стилови кои западната култура ги смета за типично женски, а кои се универзални и пожелни и за мажите.

Дискриминацијата во оваа анализа се дефинира според постојната национална легислатива во Република Северна Македонија. Според Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова врз дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и вознемирувањето, повикувањето на дискриминација, индиректната дискриминација, сегрегацијата, оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

## ОДНОСИ НА МОЌ

Теорискиот концепт низ кој се анализираат односите на моќ е врамен во теоријата на дискурсите и моќта на Мишел Фуко. Фуко ја надминува идејата дека секоја моќ е добиена преку согласност, односно легитимитет стекнат преку избори и именувања (како во случајот на извршната власт, на пример). Според овој теориски концепт, моќта може да биде формална, но и неформална, и таа не претставува само еднострана релација меѓу оние кои ја имаат моќта и опресираните. Теоријата на Фуко за себеуправување (self-governance), односно теоријата на *паноптикон,* подразбира комплексни системи и релации на самодисциплинирање и дисциплинирање на другите, без директна, видлива интервенција од властите, односно дисциплинирање кое се одвива преку претпоставката дека луѓето се постојано набљудувани преку софистицирани модели на „прикладни“ и „очекувани“ однесувања, норми и улоги. Во рамките на овој теориски концепт, анализата се занимава со неформалниот родов поредок (*gender order*) кој во најголема мера претставува збир од општествено и културно конструирани односи на моќ меѓу родовите, исчитани во пропишаните модели на однесувања и вредности перципирани како „типично машки“ и „типично женски“.

Родовиот поредок претставува систем на идеолошки и материјални практики кај луѓето во едно општество, преку кои односите на моќ меѓу мажите и жените се конструирани или одржувани. Преку родовиот поредок во општеството се

формираат форми и кодови на маскулинитетот/мажественост и феминитетот/женственост и се организираат релациите меѓу нив. Анализата ја вклучува и идејата на Конел  за три клучни структури во родовиот поредок – труд, моќ и катхезис (емоционални релации вклучувајќи ја и сексуалноста). Во анализата, овие три структури се перципирани како структури кои постојано се во меѓурелации, создавајќи го на тој начин родовиот поредок. Анализата ја застапува идејата дека родовите релации се отворени за интервенции и промени, а токму медиумските дискурси се еден од клучните терени за овие реформи.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Родовата еднаквост се дефинира како рамноправност, а не како истост. За потребите на анализата ја преземаме дефиницијата за родова еднаквост од релевантни меѓународни организации и тела:

*Обединети нации* и *Европски институт за родова еднаквост:* Родова еднаквост значи еднакви права, обврски и можности за жените, девојките, мажите и момчињата. Еднаквоста не значи дека жените и мажите ќе станат исти, туку дека машките и женските права, обврски и можности нема да зависат од фактот дали поединецот е роден како машко или како женско. Родовата еднаквост подразбира дека интересите, потребите и приоритетите и на жените и на мажите се земаат предвид. Родовата еднаквост не е прашање само на жените, туку треба да ги засега и активно да ги вклучи мажите како и жените. Еднаквоста меѓу жените и мажите истовремено е прашање на човекови права, но и предуслов и индикатор за човечкиот и општествениот развој.

## ИНТЕРСЕКЦИСКИ ПРИСТАП

Интерсекцискиот пристап е доминантен теориски и методолошки пристап во оваа анализа. Според Креншоу, која прва го дефинира овој концепт во 1989 година, интерсекцискиот пристап е исклучително важен за да се објасни и разбере како системите како „род“, „раса“, „класа“ и други идентитетски и општествени карактеристики, се преплетуваат и преклопуваат меѓу себе. Интерсекционалноста ќе се користи како теоретска рамка за разбирање на начините на кои некои аспекти од општествените и политичките идентитети на поединците (род, родов идентитет, раса, класа, сексуалност, кадарност итн.) можат да се комбинираат меѓусебно во креирање на уникатни модалитети на нееднаквост и дискриминација. Пристапот во оваа анализа најмногу се потпира на интерсекцискиот феминизам, кој може да послужи како квалитативна аналитичка рамка за идентификување на начините на кои испреплетените системи на моќ ги засегаат најмаргинализираните групи во дадено општество. Оттука, во разгледување на родовите нееднаквости,

покрај родот, се земаат предвид и етничноста, класата, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, попреченоста, припадноста на маргинализирана заедница итн.

## 2.2. МЕТОДИ ЗА ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗАТА

Анализата ја користи методолошката рамка на критичка дискурзивна анализа. Критичката дискурзивна анализа нуди интердисциплинарен пристап во проучувањето на дискурсите (вклучително и медиумските содржини како дискурси) според кој јазикот/текстот е перципиран како општествена/социјална практика. Според овој концепт, социјалните практики (вклучително односите на моќ, родовата нееднаквост и дискриминацијата) и лингвистичките практики (медиуми, јавни интеракции) се конститутивни една на друга. Оттука, методолошкиот интерес е насочен кон откривање на начините на кои општествените односи на моќ (како дискриминацијата и родовата нееднаквост) се конституирани, применувани и одржувани преку употребата на јазикот/дискурсите (како медиумите).

Изборот на методот на критичката дискурзивна анализа, наместо дискурзивната анализа, лежи, пред сè, во претпоставката дека јазикот и моќта се меѓусебно целосно поврзани. Со други зборови, критичката дискурзивна анализа ги користи методите на дискурзивната анализа за да ги истражи релациите меѓу дискурсите, моќта, доминацијата, социјалната нееднаквост, како и начините на кои дискурсите репродуцираат (или даваат отпор на) социјалната, културната или политичката нееднаквост, злоупотребата на моќ или доминација. Критичката дискурзивна анализа не се ограничува на специфичните структури на текст или говор, туку систематски ги поврзува со структурите во социо-политичкиот контекст. Норман Ферклоу, еден од основачите на критичката дискурзивна анализа, го објаснува овој комплексен метод како обид систематски да се истражат често нетранспарентните релации на каузалитет и детерминација меѓу (а) дискурзивните практики, настани и текстови, и (б) пошироките социјални и културни структури, релации и процеси, за да се истражи како овие практики, настани и текстови произлегуваат од или се идеолошки обликувани од релациите на моќ и борбата за моќ. Оттука, сосема е очигледно влијанието на теоријата за дискурси на Фуко, според која можеме да ја структурираме анализата низ неколку клучни прашања: Што е валидно знаење за родовите и сексуалноста во дадено време и место? Како настанува ова знаење и како се пренесува? Која е неговата функција во конституирањето на субјектите кои се мажи и жени, но и родово флуидни или трансродови? Која е улога на знаењето во обликувањето и развојот на општеството, особено од аспект на родовата еднаквост?

## 2.3. АЛАТКИ ЗА ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗАТА

Анализата беше изготвена врз основа на постојни податоци собрани со деск-истражување. Собирањето податоци се одвиваше во следниве фази:

I. Преглед на постоечката литература. Оваа фаза подразбираше запознавање со достапната литература која се однесува на анализа на медиумски дискурси, но и со литература од областа која не мора да е издадена и да се однесува на Република Северна Македонија.

II. Прибирање на податоци од медиумите во Република Северна Македонија. Оваа анализа содржеше податоци од телевизии и интернет-портали од делот на информативните емисии (вести).

III. По собирањето на податоците следуваше фаза на обработка на податоците според следните критериуми:

- Позицијата на новинарот/ката кон ЛГБТИ заедницата;
- Жанровска дистрибуција;
- Транспарентност на авторството на текстовите за ЛГБТИ;
- Присуство/отсуство на автентични гласови од ЛГБТИ заедницата;
- Временска дистрибуција на селектираните теми;
- Начини на репрезентација на родови и сексуални малцинства;
- Начини и форми на врамување на медиумските содржини поврзани со родовите и сексуалните малцинства;
- Дезинформации и лажни вести;
- Студија на случај: известување за случајот „Јавна соба“;
- Студија на случај: Медиумски дискурси на паника.

IV. Следна фаза по обработката на податоци беше пишување на анализата.

## 2.4. СТРАТЕГИЈА НА ПРИМЕРОЧЕЊЕТО (*SAMPLING STRATEGY*)

### ПРИМЕРОК-МЕДИУМИ:

Телевизии (со национална терестријална концесија и кабелски): „МТВ 1“, „МТВ 2“, „Сител“, „Алсат М“, „Телма“, „Алфа“, „Канал 5“, „24 вести“, „ТВ 21“.

Онлајн медиуми што објавуваат содржини на македонски јазик: „Република“, „Инфомакс“, „Макфакс“, „ПлусИнфо“, „А1он“, „НоваТВ“, „Фронтлајн“, „ЦИВИЛ медиа“, „МКД“, „Сакам да кажам“ и други на македонски јазик.

### Примерок-содржини во рамките на овие медиуми:

- Централните изданија на вестите во телевизиските изданија
- Содржината во сите рубрики во онлајн изданијата.

### Временско протегање:

Собирањето податоци за ова истражување беше направено во следнава временска рамка:

- Теми поврзани со ЛГБТИ прашањата: 01.01.2021 – 01.07.2021
- Теми поврзани со случајот „Јавна соба“: 01.01.2020 – 01.04.2021.

# 3.

# АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Пишува: Ирена Цветковиќ

Во селектираниот период од првата половина на 2021 година, истражувачите детектираа 321 новинарски написи/прилози во кои тема се прашањата што се директно или индиректно поврзани со ЛГБТИ заедницата. Истражувањето дополнително вклучи и 380 новинарски написи/прилози кои се однесуваат на случајот „Јавна соба“, односно случајот на сексуално вознемирување на жени и девојки во Телеграм-група со наслов „Јавна соба“. Наодите од истражувањето на медиумските дискурси поврзани со случајот „Јавна соба“ е обработено засебно во Поглавје 4 и тие не се вклучени во овој дел од анализата.

Најголемиот број на медиумски содржини кои се предмет на ова истражување се објавени без да бидат потпишани конкретни автори/новинари. Во една четвртина (поточно 25,5 %) од објавените медиумски содржини познат е авторот или неговите/нејзините иницијали, додека во останатите 74,5 % авторот е непознат. Отсуството на потпишани автори на медиумските содржини го оневозможува утврдувањето дали постојат конкретни автори кои редовно ги покриваат ЛГБТИ темите, кој е нивниот известувачки стил и стратегија и дали постои корелација меѓу авторите и типот на известувачките рамки што доминираат низ нивните текстови. Овој наод се повторува и во анализата на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТИ заедницата од 2017 година, во која се укажува на негативниот ефект од оваа практика која „оневозможува да се забележат промените во тенденциите на известување на индивидуални новинари – наод што би имал корисна примена во однос, на пример, на дизајнирањето обуки за новинарско известување за маргинализираните групи“ (Мицковски 2017).

Анализата на жанровската дистрибуција во медиумските содржини кои ја третираат ЛГБТИ заедницата покажува

релативно отсуство на аналитички новинарски жанрови. Во известувачкиот период селектирани се 11 аналитичко-репортажни содржини и 6 текста кои спаѓаат во жанрот извештај. Сепак, овој наод претставува позитивен исчекор споредено со истражувањето од 2017 година, каде што во селектираниот период е објавен само еден текст што може да се смета за аналитичко-репортажен. Понатаму, во известувачкиот период се селектирани 26 интервјуа, што исто така претставува позитивна новина споредено со анализата на медиумските содржини поврзани со ЛГБТИ заедницата од 2017 година. Останатите медиумски содржини се главно вести или коментари (колумни/ставови, а понекогаш и пренесени статуси на ФБ на одредени јавни личности). Имајќи предвид дека веста е жанр што треба накусо да информира за некоја новост, а аналитичките жанрови, какви што се истражувачките стории, новинарските анализи и слично, треба да ја деконструираат таа појава, можеме да заклучиме дека позитивниот исчекор е значаен, но мал. Вреди да се спомене и фактот дека постои висока корелација меѓу жанрот коментар и негативниот однос кон ЛГБТИ заедницата, наод кој е утврден и во истражувањето од 2017 година.

Во однос на рубриките во кои се сместени медиумските содржини, истражувачите утврдија дека тие се најзастапени во рубриките „Македонија“ или „вести“. Споредено со истражувањето од 2017 година, каде што само половина од селектираните текстови се однесуваат на теми поврзани со Македонија, а останатите се однесуваат на теми за ЛГБТИ заедницата од други локации, можеме да заклучиме дека во 2021 година детектираме позитивен исчекор, односно поместување на интересот кон животот, правата и активизмот на ЛГБТИ заедницата во нашето општество. Следна рубрика според застапеноста е „Колумни“ (или варијантите како „Став“, „Коментар“ и слично). Рубриките „Забава“ или варијантите како „Шоубиз“, „Сцена“ итн., вклучуваат само 6 содржини, што укажува на фактот дека медиумскиот интерес за ЛГБТИ заедницата е повеќе општествен и политички одошто естраден. Сепак, кај значителен дел од медиумските содржини не може да се определи рубриката, односно таа или не постои или не е означена.

## 3.1. РЕЗУЛТАТИ ОД ДИСКУРЗИВНАТА АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКИТЕ ДИСКУРСИ

Нашата анализа се потпира на теорискиот концепт на современите медиумски студии, според кои медиумските дискурси не се огледало на реалноста туку се активни создавачи на нашата „реалност“. Имајќи предвид дека медиумските дискурси се конструкти, односно се произведени, нашата анализа е насочена не само кон репертоарот од зборови и слики кои се вклучени во овој процес на производство, туку и кон идеолошките нивоа зафатени од него. Преку процесот на истражување успеавме да дефинираме пет клучни рамки низ кои

темите на родовите и сексуалните малцинства се презентирани во медиумските продукти/дискурси: 1) ЛГБТИ сведени на легалистичката рамка на човекови права и (не)дискриминација; 2) ЛГБТИ во рамки на десен популистички дискурс; 3) ЛГБТИ како дискурзивно оружје за политички/партиски пресметки; 4) ЛГБТИ како закана за општествените норми или колективните интереси и 5) Трансродовите луѓе како посебна група од интерес. Истражувањето подразбираше анализа на 321 медиумски прилози/написи објавени во период на првата половина на 2021 година. Од нив, најголем дел се однесуваа на Парадата на гордоста во Скопје, значителен дел се однесуваа на најавени образовни реформи кои ја вградуваат родовата еднаквост како клучен национален образовен стандард и започнувањето со пилотирање на Сеопфатното сексуално образование, како и анти-ЛГБТИ политиките, особено преку случајот на усвојување на ваков закон во Унгарија, а помал дел на прашањата кои ги тангираат трансродовите луѓе. Останатите теми се застапени, но во значително помал обем и главо се однесуваат на известување за одредени настани или важни датуми за ЛГБТИ заедницата.

Оваа анализа е насочена кон откривање на начините на кои се конструираат и претставуваат (репрезентираат) определени општествени групи како лезбијките, геј-мажите, бисексуалците, трансродовите лица. Во селектираните 321 медиумски прилози/написи, најголем дел се однесуваат на ЛГБТИ заедницата без јасно дефинирани специфики за секоја од подгрупите кои ја сочинуваат оваа заедница, а понатаму следуваат трансродовите луѓе чии теми беа застапени во помал дел од прилозите. Лезбијките се тема на само еден од селектираните прилози и тој се однесува на информација за интернационалниот ден на видливост на лезбијките, а бисексуалците не се тема во ниту еден прилог/напис.

Во продолжение, секоја од петте идентификувани рамки ќе биде засебно анализирана.

### 3.1.1. ЛГБТИ СВЕДЕНИ НА ЛЕГАЛИСТИЧКАТА РАМКА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И (НЕ) ДИСКРИМИНАЦИЈА

Рамката на човекови права и (не)дискриминација е квантитативно доминантна рамка во известувачкиот период. Таа, иако носи најголем дел од прилозите/написите, во споредба со останатите рамки, е прилично штура и повторлива. Најголем дел од медиумските содржини од оваа рамка, всушност, претставуваат пренесување на изјави на политичари, функционери и пратеници, или активисти поврзани со Парадата на гордоста во Скопје. Повторливоста на оваа рамка значи дека една иста изјава или ФБ-статус на еден политичар е пренесена од повеќе медиуми без никаков дополнителен интерес. Најголем дел од новинарите во оваа рамка конструираат неутрален став кон ЛГБТИ

заедницата и во најголем дел тежиштето е ставено единствено на утврдување на состојбата со непочитување на човековите права и дискриминацијата на ЛГБТИ луѓето. Посилна варијанта на оваа рамка даваат пренесените изјави на ЛГБТИ активистите, кои за разлика од изјавите на политичарите, успеваат да детектираат и елаборираат повеќе аспекти на оваа рамка, како: посочување на изворот на проблемот, клучните општествени и политички последици, начините на демонизација на оваа заедница, можни стратегии или акции за излез и слично. Низ цитатите кои следуваат може да се забележи нијансата на разлика меѓу изјавите на политичарите и оние на ЛГБТИ активистите.

> „Протестниот марш кој се одржува во месецот јуни, во светски рамки, се обидува да ја покрене свеста за нужноста од почитување на човековите права и на поинаквите од нас, но и да ги обедини граѓаните дека различностите постоеле и ќе постојат, а љубовта треба да е љубов и за либералните и за оние малку поконзервативните... Претседателот Пендаровски и првата дама Ѓорѓиевска, министерките Шекеринска, Царовска, Шахпаска, пратеничките Морачанин и Зајкова, беа само дел од политичарите кои јавно и недвосмислено дадоа поддршка за унапредувањето на статусот на оваа заедница. Нашата држава, полека, но сигурно, ќе мора да го започне својот пат кон целосна европеизација и полн демократски развој, а токму почитувањето и заштитата на правата и слободите на некои од маргинализираните заедници претставува услов без кој едно општество тешко дека може да се нарече прогресивно и демократско.“ (Иван Дургутов, *Марш на гордоста и зошто му е потребен на македонското општество,* „Фронтлајн“, 28 јуни 2021)

> „Покрај сите останати горливи проблеми на коишто ние не сме имуни, како што е сиромаштијата и невработеноста за време на пандемијата, ние се соочивме со дополнителни проблеми како загрозување на правото на слобода и други права. Прво и основно правото на слобода од насилство, затоа што голем дел од луѓето од нашата заедница мораа и беа принудени да се вратат во домовите, во ‘ѕидовите’ каде што средината не е најприфатлива, не е најповолна. Ризикот од насилство во рамките на семејството или во рамките на нивното партнерството беше доста зголемен. Имавме околу 10-тина може и повеќе само ние што ги евидентиравме повици за помош во март минатата година кога почна пандемијата. Се зголемија за двојно повеќе барањата за помош за поддршка со сместување за разлика од претходната година. Проблемите со кои се соочуваа припадниците на ЛГБТИ повеќе од половина година беа зголемен ризик од насилство, зголемен број на пријави за помош и советување, затоа проблемите беа од психичка природа односно нарушено ментално здравје на самите ЛГБТИ луѓе. Како и сите останати граѓани, голем дел од луѓето кои имаат нестабилни лични приходи или нестабилни работни места, имавме проблеми со отпуштања од работни места и намалени

лични приходи, како и барање за помош добивање на луѓе кои се дел од ЛГБТИ заедницата а се приматели на социјална помош и ситуацијата со ЛГБТИ Роми поради факторите кои влијаеја врз усложнување на комплексноста на нивните проблеми“. (Зорана Гаџовска Спасовска, *Парада на Гордоста за слободен простор „вон ѕидовите“*, „Радио Слободна Европа“, 25 јуни 2021)

Во теоријата, силната варијанта на рамката човекови права и (не)дискриминација би требало (1) да ја дефинира темата поврзана со ЛГБТ како проблем на непочитување на човеково право, потоа треба (2) прецизно да лоцира кој е одговорен за таа узурпација, но и аргументирано да ги деконструира стожерните елементи на таа одговорност, (3) да утврди на кој начин претставниците на ЛГБТИ заедницата имаат морална предност пред узурпаторите на човековите права, и (4) да сугерира акција што може да оди на линија на отпор или на создавање сојузништва во борбата (Entman 1993). Ова поглавје сугерира дека ова не е случај во медиумските содржини од известувачкиот период. Овој начин на известување има своја традиција. Анализата на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТИ заедницата од 2017 година укажува на многу слични тенденции (Мицевски 2017). Имено, анализата од 2017 година исто ја детектира рамката „човекови права и дискриминација“ како доминантна, но заклучува: „Рамката човекови права/дискриминација и во посилни медиумски системи е исто така доминантна, но во македонскиот контекст таа се карактеризира со површност – трансферирањето на голи говори на различни актери има тенденција несоодветно да го дефинира проблемот на известување, да не го посочува јасно изворот на тој проблем, да не прави никаква морална деконструкција на прашањето, ниту пак да упатува на акција преку која тој проблем би можел да биде надминат. Ова ги прави слаби рамките коишто одат во полза на ЛГБТ и покрај, навидум добрите намери на новинарот“ (Мицевски 2017). Овие тенденции имаат своја дискурзивна рефлексија која е исклучително важна во креирање на социо-политичката слика за ЛГБТИ заедницата. На овој начин, ЛГБТИ заедницата е сведена на легалистичка рамка, рамка која дополнително е прилично слаба и претставена низ „испразнета“ и „деполитизарана“ рационализирачка реторика. Деполитизараната реторика подразбира игнорирање, исклучување или премолчување на комплексните истории на опресија, дискриминација и насилство, како и на историите на конструкција на идентитетските категории во контекст на систематски релации на моќ кај ЛГБТИ заедницата. Анализата покажа дека со овој  редукционистички легалистички пристап кон проблемот се занемаруваат мноштвото социо-културни домени и аспекти на проблемот кои историски играат клучна улога во нееднаквата дистрибуција на моќ и конструкцијата и репродукцијата на системот на нееднаквост. За разлика од оваа рамка, негативните рамки, односно рамките на десниот популистички дискурс и на морална паника, се далеку посилни,

разложени на повеќе аспекти и преферираат емотивен над рационален одговор. Повеќе на оваа тема во следната рамка. Засега ќе се задржиме на оваа рамка која низ анализата откривме дека се појавува во две  варијанти:

## I. ПАРАДАТА КАКО ПОБЕДА НА ДРЖАВАТА/ДЕМОКРАТИЈАТА

Во оваа варијанта на рамката човекови права и (не) дискриминација парадата како битно прашање за ЛГБТИ заедницата се гледа низ призмата на  успешност на системот/државата. Со други зборови, еден дел од медиумските содржини одржувањето на парадата го претставуваат како успех на системот и доказ за демократско владеење. На овој начин, известувањето за ЛГБТИ теми е во насока на пофалба на системот кој „дозволил“ една маргинализирана и стигматизирана група да одржи јавен настан без поголеми проблеми или насилство.

> „Пред неколку дена во нашата држава се одржа ‘Парада на гордоста’, тоа, во конечноста не е само успех на климата во општеството, туку таквиот цивилизациски гест е за секоја пофалба; и не само што ја илустрира климата во општеството, туку го илустрира и типот на владеење во земјата – а тој е – со многу фалинки – плурален и демократски.“ (Ненад Јовановиќ, *Парадата на гордоста – победи!*, „Слободен печат“, 1 јули 2021.)

Оваа варијанта на рамката комплетно ги игнорира системското насилство, општествената стигма и длабоко хомофобичната и трансфобичната култура во која секојдневно живее ЛГБТИ заедницата. Различните искуства на ЛГБТИ заедницата се оставени невидливи на сметка на наводното успешно функционирање на системот. Иако во најголем дел авторите на овие медиумски содржини имаат позитивен став кон темата, сепак, тие ја користат ЛГБТИ заедницата како доказ за постоење на правна и демократска држава.

## II. ПОЛИТИЧАРИТЕ КОИ ЈА ПОДДРЖУВААТ ПАРАДАТА СЕ ДЕМОКРАТИ

Во оваа варијанта на рамката човекови права и (не) дискриминација парадата како битно прашање за ЛГБТИ заедницата се гледа низ призмата на демократските капацитети на политичарите. Најголем дел од медиумските содржини од оваа варијанта на рамката се однесуваат на пренесени изјави на политичари кои претставуваат поддршка на ЛГБТИ заедницата и на самата Парада на гордоста. Изјавите на различните политичари сепак содржат сличен репертоар на зборови: демократија, унапредување на права, дискриминирани, човекови права, 21 век, еднакви можности, насилство, различни итн.

„На денешната Парада на гордоста пред учесниците се обрати и претседателката на ДОМ, Маја Морачанин кој посочи дека сите ние имаме заеднички човекови права и дека кога се разговара за ЛГБТИ заедницата зборуваме за човекови права.“ (*Морачанин: Бесмислено е во 21 век да му се оспоруваат правата за нормален достоинствен живот на некој граѓанин или граѓанка,* „Локално“, 26 јуни 2021)

„Пратеничката од редовите на ЛДП, Моника Зајкова, во вчерашната дебата на ‘360 степени’ рече дека политичарите се тие кои први треба да дадат поддршка за унапредување на правата на ЛГБТИ заедницата и ги повика утре да излезат на Парадата на гордоста во Скопје.“ (*Зајкова: Имам многу пријатели од ЛГБТИ заедницата на кои навистина не им е лесно во Македонија,* „Локално“, 26 јуни 2021)

„Министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска, силно верува во општество кое дава еднакви можности за секој граѓанин, и оттука даде поддршка на денешната Парада на гордоста“. (*Министерката Шахпаска дел од Парадата на гордоста: силно верувам во општество кое дава еднакви можности за секој граѓанин,* „Емагазин“, 26 јуни 2021)

Оваа варијанта на рамката човекови права и (не)дискриминација се користи и за да се покаже недостиг на демократска култура кај одредени политички субјекти кои не ја поддржуваат парадата. Па така, во истражувачкиот период наидовме на медиумски содржини кои или ја проблематизираат или ја поддржуваат оваа позиција на политичките субјекти.

„На парадата немаше ниту еден претставник и од владиниот коалициски партнер ДУИ, но изостана присуството и од политички претставници на останатите партии од албанскиот блок. Со ребрендирањето на ДУИ кон зелена агенда, дел од активистите за права на ЛГБТИ заедницата гледаат и зрак на надеж дека во иднина ДУИ ќе се залага за нивните права, бидејќи зелените партии насекаде во светот се предводници на прогресивните политики, особено за ЛГБТИ заедницата“. (Ивана Настевска, *Омбудсманот, премиерот, министрите, ВМРО-ДПМНЕ, партиите на Албанците – не дојдоа на Парадата на гордоста,* „360 степени“, 26 јуни 2021)

„На денешната Парада на гордоста не беше присутен ниту Народниот правобранител, Насер Зибери, чија обврска е да ги промовира и штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти и дејствија од органите на државната управа. Народниот правобранител има надлежност и обврска да презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на локалните самоуправи и јавните

установи и служби.“ (Ивана Настевска, *Омбудсманот, премиерот, министрите, ВМРО-ДПМНЕ, партиите на Албанците – не дојдоа на Парадата на гордоста*, „360 степени“, 26 јуни 2021)

„Како родител јас не можам да најдам аргументи да им објаснам на моите три деца каква гордост се промовира на парадата што се најавува. Ја почитувам слободата, како што ги почитувам и различните мислења за одредени теми, но за мене како јавна личност и како политички претставник на Движењето Беса во Владата сметам дека институцијата семејство и моралните и традиционалните вредности за она што претставува семејство се нешто свето“, напиша Хоџа на својот профил на Фејсбук“. (*Министерот Хоџа: Не можам да најдам аргументи да им објаснам на моите деца каква гордост се промовира на Парадата*, „МКД“, 27 јуни 2021)

Двете издвоени варијанти на рамката човекови права и (не)дискриминација покажуваат дека во најголем дел поддршката на ЛГБТИ заедницата е сведена на либералната рамка за еднакви човекови права за сите, која речиси никогаш не е доволно елаборирана, аргументирана и често е поставена единствено рационално, односно е лишена од емотивен одговор. На овој начин апстрахирана и деполитизираната рамка, сведена на легалистички дискурс, не успева да се сопостави на (не)видливоста на ЛГБТИ заедницата во јавната сфера, ниту да понуди слика на секојдневието на ЛГБТИ луѓето во нашето општество. Наспроти тоа, оваа рамка го преферира „поддржувачкиот“ глас на политичарите и ги сведува егзистенцијата и животот на ЛГБТИ луѓето исклучиво на прашање на „почитување на права“. Имајќи предвид дека Парадата на гордоста има за цел да ја направи видлива ЛГБТИ заедницата, медиумското покривање на овој настан се чини дека не успева во тоа. На бројните прилози/написи кои пренесуваат изјави на политичари се надоврзуваат само 5 содржини во кои се пренесува гласот на луѓе од ЛГБТИ заедницата, а кои не се активисти или не се организатори на Парадата на гордоста. Овие медиумски содржини претставуваат значително посилна рамка која, иако е фокусирана на човековите права, сепак успева да вклучи бројни други аспекти кои се важни за заедницата.

„Лезбејко, како не ти е срам, тоа е болест, ти треба да се лечиш. И тоа многу лошо влијае врз мене“, вака ја почнува за ‘Види вака’ својата приказна Софија Меновска, која е во врска со друга девојка и не е разбрана од околината.  Лајка и Софија веќе една година и два месеци се соочуваат со говор на омраза поради својата сексуална определба, се раскажува во приказната за овие две млади жени на интернет-медиумот ‘Види вака’. Лајка Алексовска вели дека од млади години му кажала на нејзиното семејство за својата сексуална определба и отсекогаш, вели, од нив имала дискриминација. ‘Јас кога наполнив 18 години заминав од дома бидејќи не можев да ја трпам таа

дискриминација', вели Лајка.“ (*ЛЕЗБЕЈКО, КАКО НЕ ТИ Е СРАМ, ТИ ТРЕБА ДА СЕ ЛЕЧИШ – две девојки говорат за стигмата поради сексуалната определба,* „Фактор“, 20 септември 2021)

„Забележал дека кога некои луѓе, откако дознаваат дека некоја личнст го живее животот како трансродово или трансексуално лице, го менуваа мислењето за нив, заборавајќи дека и тие имаат морален кодекс по кој се водат, дека доаѓаат дома после работа, подготвуваат јадење, мијат садови и сè друго што прави една 'нормална' личност. Нашиот соговорник е искрен и признава дека досега не се грижел за физичкото здравје и не направил никакви испитувања, но периодов започнал со првите чекори и веќе ги направил неопходните лекарски прегледи. Сето ова, Алекс смета дека е поради 'грдиот' период низ кој поминувал кога не успевал да задржи ниту едно работно место. Сепак, она што е сега и како се чувствува, за него е вистинска среќа. Како што самиот вели, многупати и многумина се обидувале да го изведат на 'правиот' пат, да му докажат дека неговата состојба може да се излечи но тој прашува: – Зошто да ме лечите? Мене ништо не ме боли. Е добро, браво, 'откривте' дека можеби поради злоставувањата сум сакал да се заштитам самиот себе, а тоа е возможно само ако сум машко, го поврзувате coming out-от со смртта на мојата мајка, бидејќи тогаш го правам тоа и што сега? Зошто да се менувам, кога мене ова ми автентично, јас вака се чувствувам свој и среќен, заклучува Алекс Ристовски.“ (*Животната приказна на Алекс Ристовски, трансродов маж од Скопје: Не се гласни тие од Парадата на гордоста, туку сите останати кои дофрлаат секакви коментари,* „Слободен печат“, 25 јуни 2021)

Рамката „човекови права и (не)дискриминација“ главно имплицира позитивен или неутрален став на новинарите во однос на ЛГБТИ заедницата. Сепак, анализата укажа на површност на оваа рамка, која не успева јасно да сугерира структурна општествена критика на невидливоста, стигматизацијата, структурното насилство, па дури и непочитувањето на правата на оваа заедница. Недостигот на автентични гласови, сведување на репрезентацијата на ЛГБТИ заедницата во легалистичка рамка, како и употребата на Парадата на гордоста како доказ за функционалноста на системот и државата се проблематични аспекти на рамката човекови права и (не)дискриминација, кои како такви доминираат во медиумските содржини.

### 3.1.2. ЛГБТИ ВО РАМКИ НА ДЕСЕН ПОПУЛИСТИЧКИ ДИСКУРС

Рамката понудена од десниот популистички дискурс е значително застапена во известувачкиот период. Слично истражување на медиумската репрезентација на родовите и сексуалните малцинства правено во 2013 и 2014 година покажа, од една страна, комплетно отсуство на теми поврзани со ЛГБТИ

заедницата, но доминантно присуство на теми поврзани со стапка на раѓање, демографија, репродукција, брак и семејни вредности, што се всушност клучни теми на десниот популистички дискурс (Dimitrov, Cvetkovic 2015). Анализата на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТИ заедницата од 2017 година укажа на постоење на слична рамка, именувана како „зла манипулација“. Сепак, интересно е да се спомене дека во 2017 оваа рамка се појавува во најголем дел во содржини кои доаѓаат од еден медиум – „Курир“, додека пак во 2021 година оваа рамка се јавува во повеќе медиуми. Овој факт би можеле да го толкуваме како раст на десните популистички наративи кои сега вклучуваат јасна анти-ЛГБТИ позиција и кои, ќе видиме подолу, се посилни и подиректно ја ангажираат публиката изискувајќи емотивен одговор од примателот на медиумските пораки (читателот или гледачот).

Десниот популизам претставува политичко-идеолошки дискурс кој најчесто се состои од наводни антиелитистички позиции, односно антиестаблишментски позиции и е маскиран во реториката на „обичните луѓе“. Една од клучните дефинирачки одлики на популизмот е поларизацијата. Поларизацијата подразбира создавање наратив на историја на конфликт и конструирање на идентитет на противникот. Во теоријата, постојат три основни закони за поларизацијата: 1) „Поларизацијата е ‘идеја (концепт)’ која е втемелена во дихотомијата на два конструирани, спротивставени идентитети: ‘ние’ и ‘тие’, 2) „Вториот закон е дека на поларизацијата ѝ треба гориво. Идејата (концептот) за тоа какви сѐ се ‘тие’ наспроти ‘нас’ треба постојано да се потврдува; 3) „Третиот закон е дека поларизацијата е водена од емоции, а не од рационалност или логика во размислувањето. Таа претставува емоционална динамика“ (ИОХН – Скопје, 2019). Речиси секој популистички дискурс го „подразбира“, односно го гради „вистинскиот народ“, оние кои сметаат дека ја сочинуваат вистинската нација, и наспроти него „абортирани“ деца на нацијата, „предавници“, оние кои не се бројат како дел од „вистинскиот корпус на нацијата“ (ИОХН – Скопје, 2019). Десниот политички популизам почива врз конструираниот конфликт меѓу народот и елитите, односно во нашиот случај, создава поларизација на традиционално конзервативните „обични луѓе“ од Балканот и ЛГБТИ и политичките „елити“ увезени од Западот. Во оваа конструирана слика, улогата на жртва и прогонител е спротивна на онаа дефинирана во рамката „човекови права и (не)дискриминација“. Имено, ако во првата рамка можевме да насетиме еден дискурзивен конструкт на виктимизација во кој ЛГБТИ заедницата е портретирана како жртва на прекршување на човекови права или на дискриминација, во оваа рамка работите комплетно се менуваат. Па така, во оваа рамка жртва е „обичниот човек“ чии конзервативни светогледи, идеологии и вредности се нападнати.

„Македонија, за жал, преку својата ‘фарма на црви’, актуелната гарнитура на власт, податливо и сервилно до понижување се вклопи во плановите на либерофашистите и нивните инквизициски методи на ‘културно поништување’. Преку ‘невладината’ министерка за образование, која понизно до болка ги исполнува наредбите на оние кои ја ‘одгледуваа’ низ годините на шаренореволуционерни активности, се остварува инквизициската активност на ‘палење на книгите’. Се уништува и брише сè што потсетува на македонското постоење низ вековите, се укинуваат предмети и цели катедри, се укинуваат учебници и учебни помагала, а се форсира учење преку социјалните мрежи контролирани од ‘Царот за реалност’, преку ‘Травеститски час за читање’ и останати форми на бришење на родовата, семејната и националната припадност.“ (*Колумна на Ангеловски: Македонија меѓу реалноста и сервилноста,* „Денешен весник“, 21 април 2021)

Анализата на врамувањето на ЛГБТИ темите во десните популистички дискурси покажа дека оваа рамка се појавува во три варијанти.

## I. ЛГБТИ КАКО ОПАСНОСТ ЗА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ

Во оваа варијанта на рамката на десните популистички дискурси прашањето за ЛГБТИ заедницата се гледа низ призмата на наметнување „туѓи“, „западни“ вредности и слики несвојствени за „обичниот човек“. Оваа варијанта на рамката содржи бројни негативни изјави на политичари кои се обидуваат да капитализираат претставувајќи се или како заштитници на „обичниот човек“ или како „обични луѓе“, односно „еден од нас“ кој се спротивставува на наметнувањето на „западните, либерални“ вредности.

„Либертаријанската компонента означува практикување на личната слобода до границата да не го премине прагот на т.н. морална грешка, а таа е пречекорување на рамката од погоре наведената безвремена вредност – бракот помеѓу маж и жена, но и границата на почитта кон правото и слободата на другиот до нас, да расте во здрава средина на востановени безвремени вредности – брак, родителство, воспитување на деца во здраво и силно семејство.“ (*Интегра ја осуди Парадата на гордоста,* „ТЕРА“, 28 јуни 2021)

Ова сопоставување на нормалните „ние“ и ненормалните „тие“ е првото ниво на поларизацијата. Следното ниво бара активирање на емоциите на страв преку градење на слика на „нас/ние“ во ризик од нападот на „другите“ и активирање на емоциите на „омраза“ и „лутина“ кои имплицираат некаква акција.

„Начелата по кои треба да сме водени за организирање на ‘Вистинската парада на гордоста’ се дом, семејство, родители – мајка и татко, деца... Учесниците на парадата во Битола самоиницијативно се организираа преку социјалните мрежи. ‘Бракот е институција која треба да се негува, не сакаме таа да се редефинира. Сакаме бракот да остане каков што е, да нема родител 1 и родител 2. Нашите барања се да не се финансираат геј-паради од државниот буџет, зашто најголемиот дел од народот, православен и другите верски заедници не го одобрува тоа’, изјавуваа учесниците.“ (*Вистинска парада на гордоста“ во Битола – дом, семејство, родители, мајка, татко и деца,* „МКД“, 27 јуни 2021)

Еден значителен дел од корпусот текстови од оваа варијанта се однесува на скорешниот закон во Унгарија кој ги поистоветува мерките против педофилијата со заштитата на малолетници од „хомосексуална пропаганда“. Интересно е дека во известувачкиот период направени се легислативни промени кои ги унапредуваат правата на ЛГБТИ заедницата во значителен број на земји во ЕУ и светот, но овие вести не пробиваат во македонските медиуми. Сепак, темата за уназадување на ЛГБТИ правата во земја која е членка на ЕУ се чини дека е поинтересна за медиумите. Особено интересна тема во нашите медиуми беше и реакцијата на ЕУ по усвојувањето на законот. Дел од медиумите ја пренесоа како гола информација, дел ја врамија како уназадување на човековите права видливо во ЕУ, а дел како храбар гест на политичар кој е заштитник на народот – Орбан. Сепак, значителен дел ја врамија оваа тема како право на избор на Унгарија, а реакцијата на ЕУ како фокус на небитни прашања.

„Станува збор за дебатата околу едно сосема ‘приватно’ прашање на Унгарија, како што, според некои објаснувања, е новиот закон со кој се оневозможува прикажување и промовирање материјали со лезбиски, хомосексуални, бисексуални и трансродови содржини насекаде во јавноста каде што тие би можеле да им бидат достапни на лицата помлади од 18 години, пред сè во училиштата. Можеби и повеќе отколку околу горливите проблеми поврзани со здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата, со климатските промени, со нелегалните миграции..., претставниците на членките на Унијата се поделија токму околу посочената ситуација во Унгарија.“ (Диана М. Младеновска, *Лекција по толеранција,* „Нова Македонија“, 1 јули 2021)

Врамувањето на политичката борба на ЛГБТИ заедницата како напад на семејните и традиционалните вредности на „обичните луѓе“ резултира со дискурзивно цртање на границата меѓу она што се перципира како „народ/нација“ и она што не е дел од оваа рамка, она што е одродено и изродено како „ЛГБТИ“. На овој начин не се портретира само ЛГБТИ заедницата како отпадничка заедница, туку и се конструира она што може и смее да биде перципирано и вброено како „народ“, „обични луѓе“, „мнозинство“.

## II. ЛГБТИ НАСПРОТИ МНОЗИНСТВОТО/ НАРОДОТ

Во оваа варијанта на рамката на десните популистички дискурси прашањето за ЛГБТИ заедницата се гледа низ призмата на наметнување на малцинството врз „мнозинството“. Иако ниеден од медиумските содржини од оваа варијанта не се повикува на емпириско истражување, сите се изградени врз една наводна апсолутна вистина, која не мора никогаш да се преиспитува, односно дека „мнозинството народ е против ЛГБТИ заедницата или Парадата на гордоста“. Оваа тенденција има своја долга историја во нашата медиумска продукција, односно е забележана и во истражувањето на медиумската репрезентација на маргинализираните заедници од 2011 година. Според анализата од 2011 година, „вадењето од контекст и акцентирањето на статистички податоци од анкети и истражувања, без никаков критички осврт на нив, честопати придонесува за зајакнување на негативните стереотипи и дискриминаторски ставови на хетеропатријархалното мнозинство кон сексуалните и други малцинства (Трајановски, Цветковиќ, Панајотов 2011). Слична како и претходната варијанта на рамката, и оваа има за цел да го дефинира „народот“ и наспроти него да ги сопостави малцинствата како ЛГБТИ заедницата. На овој начин се постигнува ефект на раширено мислење дека ЛГБТИ заедницата е малцинство кое постојано го тормози и провоцира „мнозинството“.

> „Скриншотови и видеа од емисијата денеска ги преплавија социјалните мрежи. Јавноста е запрепастена што вакви содржини се пласираат во ударен термин во емисија наменета за малолетни лица.“ (*Геј, лезбејки и трансексуалност – дел од емисијата за млади која во ударен термин се прикажуваше на МРТВ,* „Република“, 21 април 2021)

И оваа варијанта на рамката на десниот популистички дискурс не одолева на политичко капитализирање. Па така, во овој корпус на медиумски содржини не само што се сретнуваат изјави на политичари кои преку оваа рамка се презентираат како „заштитници на мнозинството“, туку и слична рамка се користи за делегитимирање на други политичари, односно партиски/политички противници кои се портретирани како „слуги на Западот“ наместо „слуги на народот“. За оваа рамка понатаму во анализата. Сепак, овде вреди да се спомене дека дел од медиумските содржини претставуваат само голо пренесување на фактот дека огромен број коментари под објавите за поддршка на Парадата на гордоста кај одредени политичари претставуваат говор на омраза. Пренесувањето на коментари кои содржат говор на омраза и повици за насилство без да се проблематизираат, да се врамат како општествен проблем чии корени треба да се лоцираат и чие надминување треба да се поддржи, претставува

неретка појава, особено кај интернет-порталите. Наспроти овие, дел од медиумските содржини, иако не успеваат да ја деконструираат оваа наводна апсолутна вистина за мнозинството, сепак успеваат да го врамат овој факт како проблематичен и да повикаат на акција за надминување на оваа состојба.

> „Говорот на омраза се толерира од надлежните органи кои треба да го санкционираат. Често ваквиот експлицитен говор на омраза предизвикува да има и дела од омраза, односно да има и физички напади. ЦИВИЛ повикува надлежните органи веднаш да почнат да ги санкционираат сите оние кои посакуваат различните од нив да ги 'мелат', 'полијат со бензин', 'тепаат со стап'... Нашата држава е демократска и има обврска да ја гарантира слободата и безбедноста на секој/а граѓанин/ка. Секој/а има право на слободен избор." (*Експлицитен говор на омраза кон ЛГБТИ заедницата во пресрет на Парадата на гордоста*, „ЦИВИЛ Медиа", 25 јуни 2021)

## III. ХИЕРАРХИЗИРАЊЕ НА ТЕМИТЕ ЗА ЕДНАКВОСТА МЕЃУ ЛГБТИ И ОСТАНАТИТЕ ГРУПИ

Во оваа варијанта на рамката на десните популистички дискурси прашањето за ЛГБТИ заедницата експлицитно реферира на постоење на проблеми и дискриминација кај други групи кои се повеќе вредни отколку оние на ЛГБТИ заедницата. Ваквото врамување резултира со создавање јавна перцепција дека други маргинализирани групи какви што се лица со попреченост, сиромашни, деца и слично, страдаат и се заборавени на сметка на грижата за ЛГБТИ заедницата. Оваа варијанта на рамката на десниот популистички дискурс е забележана и во анализата на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТИ заедницата од 2017 година. Како и во 2017 година, и во 2021 оваа варијанта неретко се јавува во силна форма, која не нуди аргументација, туку прави манипулативна конструкција на еквиваленцијалност (Мицковски 2017).

> „Битно било дали некој ќе се чувствува дискриминиран што во извод стои мајка и татко, а не родител 1 и родител 2. А небитен е квалитетот на животот на секое дете! Секој од нас е дискриминиран на овој или оној начин... Знам дека секој носи одреден психички товар на грб. Секому неговиот товар му е потежок. Но ве молам, никој не може да ми каже дека е побитно кој со кого спие во кревет од здравјето и квалитетот на животот на едно дете со проблеми!" (*Мајка на дете со церебрална парализа: Јас сум дискриминирана од институциите, од Владата! Излезете на парада со мене!*, „Република", 30 јуни 2021)

„Активистката Бранкица Димитровска, активистка за правата на лица со попреченост, по ‘Парадата на гордоста’ прашува која категорија граѓани од двете наведени во насловот е позагрозена… ‘Кој е позагрозен, лицата со попреченост VS геј заедницата. Ги уживате сите права, вработувања, пристапност наспроти НАС’, пишува Димитровска која го користи хаштагот: #ЕднаквиПраваЗаСите“ (*Кој е позагрозен: Геј заедница или лицата со попреченост?*, „Експрес“, 27 јуни 2021)

„Од Групата се обратија и до Пендаровски: Додека ние РОДИТЕЛИТЕ чекаме e-mail од вас за прием…. додека ние РОДИТЕЛИТЕ чекаме за потписи вие парадирате!!!! Горделиво се шетате додека ние чекаме од ВАС да го решиме проблемот со образованието! Само така продолжете претседателе! Ама ние неуморно ќе се бориме до крај затоа што свесно сакате да им наметнете на децата нешто што ние РОДИТЕЛИТЕ НЕ ГО САКАМЕ и НЕМА ДА ГО ДОЗВОЛИМЕ! Поддржувајте што сакате, ама ОВА НЕМА ДА ГО СТАВИТЕ НА КЛУПА!!!“ (*Царовска пред две сценарија – или референдум, или бојкот*, „Скопско Ехо“, 27 јуни 2021)

„Од ВМРО-ДПМНЕ, пак, велат дека главниот проблем во државата е што е зголемен бројот на социјални случаи и што нови 50 илјади лица останале без работа, па додаваат дека лицемерно е Владата да зборува за правата на ЛГБТИ заедницата, кога брутално се кршат сите други права.“ (*Омбудсманот, премиерот, министрите, ВМРО-ДПМНЕ, партиите на Албанците – не дојдоа на Парадата на гордоста*, „360 степени“, 26 јуни 2021)

„Среде корона пандемија, во која 10 до 20 луѓе дневно умираат од негрижа на државата која нема вложено денар во клиниките, здравствен систем во кој ако немаш 12-15.000 евра за приватно, ќе те остават да умреш ко куче без никаков третман на државно затоа што го доуништија, Заевци се пофалија дека промената на полот била бесплатна и на товар на државата?! Ало, па дали сте бре нормални? Ова би било, Македонија гори, баба мења пол.“ (Љупчо Цветановски, *Македонија гори, баба мења пол*, „Курир“, 11 јануари 2021)

Трите издвоени варијанти на рамката на десниот популистички дискурс покажуваат дека во известувачкиот период ЛГБТИ заедницата е конструирана како „симболично лепило“ (symbolic glue) кое успева да поврзе различни актери кои инаку не би споделувале ист светоглед. Овие дискурзивни техники се познати кај антиродовите движења во светот. Антиродовите актери се често разновидни во своите идеолошки светогледи. Сепак, она што ги обединува е способноста да „натискаат различни дискурси во една голема закана и да ја конструираат ‘родовата идеологија’, односно во овој случај ‘општествените и политички ЛГБТИ движења’ како опасност за она што тие тврдат дека го бранат: природата, нацијата, нормалноста“ (Denkovski, Bernarding, Lunz 2021). Сепак, одредени медиумски содржини,

иако ретки, можат да послужат за пример на силна опозиција на оваа рамка. Додека првата рамка „човекови права и (не)дискриминација“, иако со позитивен став кон ЛГБТИ заедницата, не успева да излезе од легалистичката рамка, игнорирајќи ги политичките и социјалните аспекти поврзани со темите од интерес, силната опозиција на оваа рамка се чини дека успева. Во известувачкиот период, еден дел од медиумските содржини се однесуваат на отворање на теми за важноста од инклузивно образование и негување на семејни вредности на ненасилство и неомраза не само за ЛГБТИ децата, туку и за сите. На овој начин се редефинираат семејните вредности од исклучувачка во инклузивна дефиниција, според која семејните вредности не се перципираат дека се под закана од ЛГБТИ заедницата, туку како важен елемент во борбата против општествената стигма, насилството и дискриминацијата врз различните групи. Друг дел од медиумските содржини се однесува на родители на ЛГБТИ деца. Присуството на гласови на родители на ЛГБТИ деца, гласови кои се поддржувачки и позитивни, ја слабее позицијата дека семејството е важно само за хетеросексуалците и цисродовите луѓе.

> „Особено е важно и менување на јавната свест којашто почнува од семејството, од дома, но многу важен фактор е образовниот процес и тоа е клучното влијание уште од најмала возраст и во претшколските и во школските установи и медиумите коишто даваат поддршка на овие теми кога се зборува за родовата еднаквост, за правата на жените, за ЛГБТ луѓето, Ромите и другите маргинализирани групи, бидејќи на тој начин едноставно може да се менува јавната свест, да се разбиваат стереотипите и предрасудите и да се спречува и да се заштитиме сите од дискриминација, говорна омраза, насилство од омраза, коишто за жал сè уште се присутни во нашето општество“, рече Маја Морачанин.“ (Дехран Муратов, *Дискриминацијата стана олимписка дисциплина, ќе се искорени само со подигање на јавната свест,* „ЦИВИЛ Медиа“, 14 јуни 2021)

> „’Тој имаше 20 години кога тој тоа ми го кажа, студираше во странство и јас бев во посета кај него, јас до ден денеска ја паметам мојата реакција и многу ми е жал, заради него, заради тоа што тој е  прекрасно дете и не заслужи да добие таква реакција од моја страна. Јас бев шокирана’, вели Славица Гајдаѕис Кнежевиќ. Гостите во Click Plus моменталната состојба во образованието како и прифаќањето на ЛГБТ лицата ја оценија како катастрофална, ги поздравија реформите за воведување сексуално образование од најмала возраст.“ (Јовица Пауноски, *Како е да се биде родител на ЛГБТ дете? – „Кога дознав бев шокирана, не заслужи таква реакција“,* „ТВ 21“, 19 мај 2021)

„‚Кога официјално ни кажа, нормално е дека тоа го доживуваш како шок. После тоа се прашував дали некаде згрешив, тоа се тие фази па него го прашував дали е сигурен и слично. Сите тие процеси морав да си ги поминам во главата, уште поголем проблем за мене беше што јас во тој момент мислев дека не познавам ниедно геј дете, никој од ЛГБТ заедницата во мојата околина, а камоли родители’, посочува Фотевска. Таа додава дека во тоа време ѝ било потребна група на родители, односно луѓе кои поминале низ тоа и кои ќе ја разберат низ што поминува во моментот. Нејзиниот сопруг Ѓорѓи вели дека тој побрзо се косолидирал со ситуацијата. ‘Многу брзо осознав кој се моите приоритети како родител и што ми е мене важно како родител. Таа поддршка што му ја дадовме на синот беше клучна за неговото понатамошно развивање, тој е прекрасен човек кој напредува со големи чекори денес’, додава Фотевски.“ (*Фотевски: Поддршка што му ја дадовме на синот беше клучна за неговото понатамошно развивање,* „ТВ 21“, 18 мај 2021)

Рамката на десниот популистички дискурс главно имплицира негативен став на новинарите во однос на ЛГБТИ заедницата. Анализата покажа дека оваа рамка има силна мобилизирачка моќ и се појавува во посилна форма споредено со рамката на човекови права и (не)дискриминација. За ова сведочи и извештајот за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во периодот од 15.05.2021 до 15.07.2021. За период од 2 месеци, на веб-платформата www.govornaomraza.com забележани се вкупно 136 пријави, по 7 различни заштитни категории. Од вкупниот број на пријави, најголемиот број, односно **71 %** или вкупно **111** се по основ на сексуална ориентација и родов идентитет (Дрндаревска, Анастасовска 2021). Извештајот сведочи за постоење на радикални форми на говор на омраза и повици за насилни акции во коментарите под објавите на одредени медиумски содржини на социјалните мрежи. Сепак, одредени медиумски содржини успеваат да се сопостават на оваа рамка нудејќи силна опозиција. За жал, овие медиумски содржини се ретки, но можат да послужат за пример во иднина. Силната опозициска рамка на десниот популистички дискурс ги редефинира семејните вредности од исклучувачка во инклузивна дефиниција, според која семејните вредности се еднакво важни за ЛГБТИ заедницата како и за заедницата на хетеросексуалци и цисродови луѓе и тие не смеат да подразбираат промовирање на стигма, дискриминација и насилство, туку разбирање, прифаќање и пацифизам.

## 3.1.3. ЛГБТИ КАКО ДИСКУРЗИВНО ОРУЖЈЕ ЗА ПОЛИТИЧКИ/ПАРТИСКИ ПРЕСМЕТКИ

Рамката на ЛГБТИ како дискурзивно оружје е помалку застапена од првите две рамки, но таа има своја долга традиција во медиумската репрезентација на ЛГБТИ заедницата. Едно од најраните истражувања, меѓу другото и на медиумската репрезентација на ЛГБТИ луѓето во Македонија, говори токму за стратегијата на употреба на ЛГБТИ како оружје против политички/партиски противници. Имено, дебатата за усвојување на Законот за спречување и заштита од дискриминација во 2010 беше злоупотребена за политичко дискредитирање врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет (Dimitrov 2012). Понатаму, овој тип на врамување е препознаен во истражувањата на медиумските дискурси од 2011 (Трајановски, Цветковиќ, Панајотов 2011), 2013 (Трајановски, Беличанец, Чаусидис 2013) и од 2017 (Мицковски 2017).

Целта на медиумските содржини од оваа рамка е да ги искористи прашањата за ЛГБТИ за дискредитација на политичките противници. Следствено на двете претходни рамки, ЛГБТИ заедницата во оваа рамка станува симболичка точка на акумулација на (политички и социјален) капитал. Па така, конзервативните политичари ја користат раширената перцепиција дека мнозинството, обичниот народ, нацијата, не ги поддржува ЛГБТИ (што и да значи тоа) и политички капитализираат застанувајќи на „нивна“ страна, а против партиските противници, Западот, кои ги поддржуваат ЛГБТИ.

> „Актерот Сашо Тасевски потсетува на ветувањето на Мила Царовска на вчерашната парада на гордоста. Тој ја нарекува министерката ‘Мила шарката’ која ќе ги учела децата да бидат како овој на сликата. / Чудовиште едно! Таа ќе ни воспитува деца!? Полни сте со омраза и кич. Баш ќе видиме од септември скоте, кого и што ќе учиш?“ (*Мила шарката ќе ги учи децата да бидат како овој на сликата,* „Република“, 27 јуни 2021)

Во оваа рамка, ЛГБТИ заедницата се користи и како средство за оцрнување на политичкиот противник преку инсинуација дека тој е припадник на таа заедница. Фактот дека во Северна Македонија досега немало именуван или избран функционер/политичар кој се декларирал како геј-маж, лезбијка, бисексуалец или трансродово лице доволно говори за хомофобичноста и трансфобичната на нашето општество. И истражувањата го потврдуваат овој став. Имено, истражувањата од 2013 г. покажуваат дека граѓаните имаат најмногу проблеми со тоа носител/ка на избрана функција да биде личност со хомосексуална ориентација (Михајловска, Поповиќ 2013). Слична студија спроведена од ОБСЕ во 2018 година повторно покажа голема неподготвеност на луѓето да прифатат лице со хомосексуална ориентација како носител/ка на избрана функција

(Кимов, Кимова 2019). Опстојувањето на оваа стигма, меѓу другото, е помогната токму од наративите на употреба на ЛГБТИ за оцрнување на политичките противници.

> „Груевски, во телефонски разговор за ‘Инфомакс’ директно од Будимпешта, вели дека не знае и не верува дека некој од неговите соработници бил хомосексуалец, бисексуалец, се дрогирал, бил педофил и слично, како што се сугерира во разговорот меѓу Заев и Верушевски... Дека во ВМРО-ДПМНЕ имало педофили, а дека Груевски е бисексуалец, инаку, се тврдења кои во разговорот ги изнесува Верушевски... За таквите обвинувања на негова сметка, Груевски вели дека ништо од тоа не е вистина и такво нешто не постои, а доколку било кој тврди дека поседува таква снимка, слободно може да ја објави веднаш.“ (*Немало „унга бунга“ на Сејшелите – вели Груевски, иако смачено му е да демантира,* „365“, 20 јануари 2021)

> „Да потсетам дека во тоа време актуелна е шпекулацијата со наводни хомосексуални снимки од Халкидики, каде ‘локомотивата’ бил Илија Димовски, тогаш пратеник во Собранието на Република Македонија. Неспорно е дека од тогаш па наваму, кога неговите партиски колеги зборуваат за него, го именуваат како ‘педерчето’. Сите нормални бевме згрозени од сексуалните склоности на ‘Војводата од Велес’, потоа и од истиот пристап кон половите односи на Павле спакувај-ми-полче Богоевски, преку слични склоности на СДСМ-овската ‘хомичус’ гарда...“ (Миленко Неделковски, *Трите „Шејшели“ опции на Никола Груевски,* „Дудинка“, 19 јануари 2021)

Рамката на ЛГБТИ како дискурзивно оружје се користи и како предупредување за политичари од десниот блок кои во даден момент размислуваат да дадат некаква поддршка кон ЛГБТИ заедницата. Во оваа варијанта на рамката, медиумските содржини имаат за цел да превенираат идеолошки поместувања во десниот или идеолошко поконзервативниот политички блок, со цел спречување на прогрес во општествено-политичката перцепција на ЛГБТИ заедницата. Во известувачкиот период се појавија неколку вакви медиумски содржини кои главно се однесуваа на две теми: 1) Можноста лидерот на ВМРО-ДПМНЕ да ја поддржи Парадата на гордоста и 2) Ребрендирањето на ДУИ во зелена партија. ВМРО-ДПМНЕ е демохристијанска партија, чие повеќе од децениско владеење претставуваше еден од најлошите периоди за ЛГБТИ заедницата во Северна Македонија. ДУИ е партија од „албанскиот“ блок која често изразувала отворено хомофобични и трансфобични ставови, па нејзината промена во зелена партија ги мобилизираше медиумите да го стават фокусот токму на можна поддршка на ЛГБТИ прашањата. Сепак, и покрај политичкото лицемерие, медиумските содржини од овој корпус прават штета на политичката борба на ЛГБТИ заедницата со тоа што служат како превенција на можниот прогрес во вредностите и идеологиите кои ги застапуваат политичките партии.

„Тие посочуваат дека ќе биде објавена нова политичка стратегија – ‘Македонија за сите луѓе’, која ќе опфаќа јасна визија за идното делување и обраќање на ВМРО-ДПМНЕ. / Дури се навестува дека Мицковски имал намера да ја поддржи ЛГБТ парадата на гордоста што ќе се одржи овие денови?!?! НЕВЕРОЈАТНО КОЈ ОЧАЈ ЗА ГЛАС ПОВЕЌЕ!“ (*ШОКАНТНО – ПО 5 ГОДИНИ ГЛУМЕЊЕ ЈАНКО БАЧЕВ НА СТЕРОИДИ, НА МИЦКОВСКИ СЕГА МУ ТЕКНА ДА ГО ГЛУМИ ЗАЕВ?!?!*, „Народен глас“, 17 јуни 2021)

„По владеачката БЕСА и Албанскиот опозициски блок составен од Алијанса за Албанците и Алтернатива денес унисоно се спротивставија на одржаната ‘Парада на гордоста’... Од друга страна, паѓа во очи целосниот молк на Демократската унија за интеграција: ниту таа како партија, ниту кој било нејзин пратеник досега не искажале став ‘за’ или ‘против’ ‘Парадата на гордоста’. ДУИ нема одговорено на барањата на претставниците на ЛГБТИ-заедницата уште од 7.6.2021 година штом се трансформирала како зелена партија да ги постави високо на својата политичка агенда и правата на припадниците на оваа заедница.“ (*И Алијанса ја нападна „Парадата на гордоста“, само ДУИ не се изјасни,* „Експрес“, 26 јуни 2021)

Рамката на ЛГБТИ како дискурзивно политичко оружје најчесто содржи негативен или неутрален став на новинарот кон ЛГБТИ заедницата. Написите и прилозите од оваа рамка претставуваат упорна реалност на македонската медиумска продукција. Оваа рамка нема своја силна форма, но претставува опасна дискурзивна алатка за одржување на стигмата и негативната перцепција кон ЛГБТИ луѓето од една страна, и спречување и оцрнување на политичката борба на ЛГБТИ заедницата, од друга страна.

### 3.1.4. ЛГБТИ КАКО ЗАКАНА ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НОРМИ ИЛИ КОЛЕКТИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ

Рамката на ЛГБТИ како закана е делумно присутна во известувачкиот период. Сепак, оваа рамка се јавува во исклучително силна форма и претставува еден од клучните механизми за создавање морална паника. Дискурсите на морална паника во рамки на оваа анализа ќе бидат разгледани посебно, во студијата на случај објавена во Поглавје 5. Во овој дел ќе се обидеме да направиме кус пресек на варијантите во кои се јавува, како и на ефектите кои ги имплицира.

Во теоријата, моралната паника се случува кога одредена „состојба, епизода, личност или група на луѓе стануваат перципирани/добиваат статус на закана за општествените вредности и интереси“ (Cohen 2002). Медиумите имаат клучна улога во креирање и одржување на моралната паника, дури и кога

самите не учествуваат активно во одредено прашање. Понекогаш, и голата презентација на факти е доволна за креирање на морална паника. Во известувачкиот период, медиумските содржини кои припаѓаат во оваа рамка, во најголем дел, се фокусирани на две теми: Воведувањето на сеопфатно сексуално образование и Правно признавање на родот во рамки на Законот за матична евиденција. Сепак, првата од темите значително предничи во квантитативна смисла. Прашањето за сеопфатно сексуално образование е идеална почва за конструирање на морална паника, бидејќи инволвира тема за деца (од основно образование) и за сексуалност во крајно конзервативен општествен контекст. Оваа рамка е добро позната и претставува една од клучните точки во наративите на антиродовите движења.

Една од најзастапените варијанти во кои се појавува рамката е повик на акција за „спас на децата" кои се под закана од ЛГБТИ. Стравот е базична сила на сите наративи на антиродовите иницијативи, но аргументите засновани врз страв употребени „во одбрана" на децата, кои се врамени како ранлива, кревка и „најслаба алка на секое општество", се особено загрижувачки (Denkovski, Bernarding, Lunz 2021). Основниот аргумент во креирање и одржување на паниката е дека „родот", а со тоа и сите иницијативи кои не го негираат, како сеопфатното сексуално образование, се инхерентно штетни за благосостојбата на децата. Тој се потпира на два столба: 1) идејата дека децата се „празни табли" или „празни садови" кои се крајно ранливи и лесни за „обликување" и 2) премисата дека организираната борба за родова еднаквост е дел од ЛГБТИК+ заговор. Конечно, родот и феминизмот, а со тоа и ЛГБТИ политиките, би воделе до крајот на нашата цивилизација (Griffon et al. 2019). Овој аргумент во корпусот текстови од оваа рамка има за цел да го претстави сеопфатното сексуално образование како заговор на ЛГБТИ заедницата, а децата како негови невини жртви.

> „Државата НЕ СМЕЕ да промовира и рекламира сексуални опции на деца. Тоа се нарекува сексуална индоктринација. Асексуално суштество (какво што е детето во поголемиот дел од периодот кој го викаме малолетност) не смее да биде ставено пред сексуални избори и опции пред да може да осознае самото, што тие значат и претставуваат... Да седнеш 6-годишно дете во клупа и да му кажуваш дека постои секс меѓу двајца од ист пол е непотребно и безобразно, имајќи во вид дека децата немаат концепт за тоа што е секс. Децата се раѓаат асексуални и без предрасуди, предрасудите ГИ учат од нас а за сексуалноста се грижи природата. Подложување на деца на хомосексуална, хетеросексуална, транссексуална и било каква сексуална пропаганда е злосторство кон човештвото, а велиме децата се иднината. Школото е место за наука – пропагандата од секој тип НАДВОР ОД УЧИЛИШТАТА, вели тој." (*Панговски: Ако хомосексуалноста не може да се „научи", чуму часови по неа?,* „Република", 25.06.2021)

„Треба да разбереме дека кога се зборува за родова рамноправност или родова еднаквост, не се мисли на род по пол, односно ако кажете дека жена по пол е жена, не значи дека и по род е жена, а со тоа децата ќе бидат стимулирани да можат да изберат што се, момчиња или девојчиња. Ние тоа не сакаме да дозволиме да се случи, вели Гоџо.“ (*ВИДЕО: „Од нас за нас“ организира предавање за наставници и родители, против сексуално образование,* „Слободен печат“, 23 јуни 2021)

Слично на оваа варијанта, се појавува уште една варијанта чиј фокус не е толку „заштитата на децата“ туку „заштитата на родителите“. Кај овие медиумски содржини фокусот е ставен на наводното родителско право да одлучува што ќе учат и какви информации ќе добиваат нивните деца во училиште. На тој начин, покрај „одземената чистота на децата“ се појавува и „одземено право на родителите“, што претставува уште една точка на политичка мобилизација против родово сензитивното и сексуалното образование преку јасна анти-ЛГБТИ реторика. Мора да се спомене дека дел од корпусот содржини во оваа рамка претставуваат дезинформации и лажни вести, како онаа дека се исфрла од употреба „мајка“ и „татко“ на сметка на „родител 1“ и „родител 2“, дека сеопфатното сексуално образование ќе биде задолжително и дека ќе се изучува од второ одделение.

„Јас сум татко, горд сум што сум татко на едно дете и сакам така да ме нарекуваат институциите. Немам никаков проблем доколку некој себеси сака да се самоопредели само како ‘родител’ или како ‘родител х’, но не ми го одземајте правото да бидам татко. Лудиот, пак, аргумент дека зборовите ‘татко’ и ‘мајка’ некого навредуваат, па мора да ги бришеме од употреба се вон секој здрав разум и немам ни намера да влегувам со разно-разни будалетинки во расправии на таа тема.“ (*Ивица Боцевски: Сакам да сум татко, а не „родител х“,* „Фактор“ 11 мај 2021)

Дел од корпусот на содржини од оваа рамка содржат негативни ставови кон здруженијата на граѓани кои работат на полето на родова еднаквост и образование. Вмешувањето на невладини организации го прави „заговорот“ уште пореален, особено ако се има предвид фактот дека граѓанското општество повеќе од една декада во претходниот хибриден режим беше доминантно портретирано како „агентура на Западот“ и „пералница на пари“. Поларизацијата меѓу „ние“, „обичниот народ“, „нашите деца“ и „тие“, „Западот“, „елитата“, „ЛГБТИ“ во оваа рамка најјасно го добива своето последно ниво – ниво кое ангажира емоции на лутина и омраза и повикува на акција. За да може да се стигне до ова ниво, потребно е непријателот јасно да биде именуван. Во нашиот случај тоа се Министерката за образование и наука и дел од граѓанското општество.

„Вие од ЛГБТ ‘невладините’, да си кажете кој тоа ви дава од 300 до 500 иљјади евра ГОДИШНО за вашите акции за разбивање на јавниот морал и заедницата. (…) Да чуеме каде, во кои политички кругови лобирате и со колку пари? (...) Колку новинари имате поткупено да ги туркаат вашите планови и да ви прават позитивни промоции по медиумите? (...) Колку од вас се инфилтрирани во власта?“ (*Сашо Тасевски: Има ли новинари кои ќе имаат храброст да го истражат ова и јавно да го објават,* „Булевар“, 10 јуни 2021)

Во известувачкиот период постојат и содржини кои ја поддржуваат идејата за сеопфатно сексуално образование, родово сензитивно образование, но и ги демаскираат манипулативните стратегии, лажните вести и дезинформации поврзани со некои од содржините од оваа рамка.

„Со сеопфатното сексуално образование ќе се дополни едукацијата од областа на репродуктивното здравје, граѓанските права, насилството како и заемната почит на партнерите. Свесни сме дека на младите им треба поголема едукација кога се работи за нивниот сексуален живот. Не секогаш учениците би се обратиле кон родителите/наставникот за одговор; попрво би му се обратиле на Интернетот. Веруваме дека сеопфатното сексуално образование ќе им даде одговор на многу прашања без притоа да оставиме сексуалното и репродуктивно здравје и права да бидат табу теми, објаснува Милошовски... Преку програмата младите ќе го научат начинот на пренесување на сексуални преносливи инфекции, ќе дојдат до концизни информации и факти за точната превенција од СПИ, па сè до каде и кога да се обратат во случај да се најдат во оваа ситуација. Но, најбитно ќе се заштитат од злоупотреба и манипулација, како и видови на насилство – особена проблематика која е карактеристична кај ранливите категории, како што се млади лица со попреченост, Роми и ЛГБТ лицата, вели Александра Петкова од ‘Крик’“. (Б. М., *Сексуалното образование влегува во училишните клупи: Што ќе се изучува и како ќе се одвиваат часовите?,* „Локално“, 24 февруари 2021)

„Во постот кој таа го објави на Фејбук таа ја критикува парадата на гордоста и ЛГБТ движењето што предизвика чудење кај многумина членови кои таа група ја следат заради реформи во образованието и учебниците. Меѓу другото Спасевска вели: ‘Ако ова денес е свеченост, тогаш денес облечете црно и помолете се на Бога. Облечете црно и помолете се за нашите деца, за нашата иднина, за нас да останеме разумни и присебни, та да можеме децата правилно да ги воспитаме за еден ден да не го играат тангото со ѓаволот.’ Ваквата реторика уште еднаш го поткрена прашањето која е вистинската агендата на Велковска?“ (*По „Учебници и настава мора да има“, ЛГБТ не смее да има!?,* „Локално“, 27 јуни 2021)

Најголем дел од текстовите од оваа рамка сугерираат негативен однос на новинарот кон ЛГБТИ заедницата, а помал дел позитивен или неутрален. Кусиот преглед на оваа рамка ни овозможи увид во стратегиите за создавање морална паника преку медиумите. Медиумските содржини од овој корпус често се поттикнувачи на паниката или анксиозноста. Моралната паника имплицира две групи, една која дефинира и една која е дефинирана. Анализата покажа дека во најголем дел од случаите групата која е дефинирана е токму ЛГБТИ заедницата, која иако е тема на интерес, нејзиниот глас е комплетно исклучен од овие дебати.

## 3.1.5. ТРАНСРОДОВИТЕ ЛУЃЕ КАКО ПОСЕБНА ГРУПА ОД ИНТЕРЕС

Последниот дел од ова поглавје повеќе се однесува на тематска целина отколку на рамка. Сметавме дека е важно посебно да ги разгледаме медиумските содржини кои се фокусирани на темите на трансродовата заедница, бидејќи тие претставуваат новина во нашата медиумска продукција. Во известувачкиот период, медиумските содржини кои се однесуваа на трансродовите луѓе се фокусирани на две теми: (1) лични приказни на трансродови луѓе и (2) правно признавање на родот.

Личните приказни на трансродовите луѓе се еднакво застапени како и личните приказни на лезбијки и геј-мажи, што претставува значителен исчекор во медиумската репрезентација на ЛГБТИ заедницата. Интервјуата со трансродови лица се водени во најголем дел прилично коректно, без сензационализам и без наративи на шок. Автентичните гласови на трансродовите луѓе се силно оружје во борбата за менување на општествената стигма, но говорот на омраза не изостанува во коментарите под објавите на овие содржини на социјалните мрежи. Изложен на овие коментари по неговото интервју, еден трансродов маж јавно проговори за ефектите што ги чувствува и проблемите, особено поврзани со менталното здравје, кои ги трпи како последица на овие реторики. Токму затоа, потребно е медиумите да ги редактираат коментарите на нивните социјални мрежи, особено оние кои содржат говор на омраза и повици за насилство. Во продолжение можете да видите два цитата од интервјуа со трансродови луѓе од Република Северна Македонија.

> „Како дете сакав да бидам кошаркар и си визуелизирав како играм во НБА. Подоцна сфатив дека јас сум се градел преку тие ликови на кои се угледував. Прво тоа беше Еминем, па како растев ликовите со кои се идентификував се менуваа, но тоа никогаш не беше женски лик.“ (*Животната приказна на Алекс Ристовски, трансродов маж од Скопје: Не се гласни тие од Парадата на гордоста, туку сите останати кои дофрлаат секакви коментари*, „Слободен печат“, 25 јуни 2021)

„Помина долго време, за мене тоа е буквално како некој друг живот, друга реалност. Кога ќе погледнам назад, не можам да поверувам низ што сè сум поминала и до каде сум стигнала. Јас победив во мојата битка, и сега е време да им помогнам на оние ЛГБТ лица на кои тоа им е потребно, ако не со нешто друго, барем со своето присуство – појаснува Фифи.“ (*Фифи Јаневска: Јас победив во мојата битка, време е да им помогнам на останатите од ЛГБТ заедницата*, „Фокус“, 25 јуни 2021)

Втората тема со која се занимаваат медиумите, а е поврзана со трансродовата заедница, е правното признавање на родот. Правното признавање на родот е легислативна иницијатива, но хуманиот аспект е исклучително важен. Имено, неможноста за потврдување на родот во документите за лична идентификација сериозно влијае врз секојдневните животи на трансродовите луѓе. Дел од медиумските содржини од оваа целина успеваат да направат добар спој на една законодавна иницијатива со она што се нарекува реална, „секојдневна“ потреба на заедницата. На овој начин, правните аргументи се засилуваат или со пренесени ставови на заедницата или со автентичните гласови на трансродовите луѓе.

„Трансродовите лица се обидуваа на различни начини да допрат до државните институции со цел да им се овозможи да го променат нивното име, пол и соодветно да се рефлектира и измената на матичниот број. Но, голем број на граѓани се соочија со проблем да добијат вакво правно признавање од страна на држава по што беа поведени бројни судски постапки и една од тие постапки заврши пред Европскиот суд за човекови права кој во 2019 година одлучи дека државата го прекршила правото на конкретното лице, но и на сите трансродови лица кои се обиделе да добијат правно признавање на родот, бидејќи нема јасна законска рамка преку која луѓето ќе можат да го остварат ова право.“ (*Бошкова: Потребна е јасна законска рамка преку која правно ќе се признае родовиот идентитет на трансродовите лица*, „360 степени“, 25 јуни 2021)

„Предизвиците се секојдневни. Од одење во банка, користење на здравствена услуга, неможноста за вработување и вдомување, дискриминацијата и стигматизацијата. Сето ова е последица од немањето на закон за правно признавање на родот каде трансродовите лица ќе бидат граѓани од прв ред... Јас сум имала ситуации каде сум била исмејувана од управители на институции поради неусогласените документи.“ (*Моќна порака од трансродовата заедница: Ние постоиме, тука сме!*, „Нова ТВ“, 25 јуни 2021)

Во овој корпус од текстови постојат и негативни примери кои се главно фокусирани на три теми: (1) промоција на трансродовоста преку сеопфатното сексуално образование; (2) правното признавање на родот како закана за семејните и

традиционалните вредности; и (3) манипулација со медицинското признавање на родот преку сопоставување со здравствени потреби на други категории луѓе. Во најголем дел од овие содржини трансродовата заедница не е јасно именувана, туку е вметната во генералната легислативна борба на ЛГБТИ заедницата. Најголем дел од овие негативни примери се анализирани во рамката на десен популистички дискурс и рамката на ЛГБТИ како закана за општествените норми или колективните интереси. Останатите претставуваат изјави на политичари кои се противат на правното признавање на родот.

> „...ставот на АлтернАтивА е дека овој закон е во спротивност со програмските дефиниции на европските конзервативни партии, какви што сме и ние. За нас има само два пола и тие се природни – 'Машки' и 'Женски' и тие не се променливи категории, туку вродени. Според нас, секој што со други пластични форми го менува својот пол од која било причина, тоа е негово лично право, што не треба да се одрази и во домашното законодавство. Затоа, нашите пратеници ќе бидат ПРОТИВ овие законски измени...“ (*АлтернАтивА: Родовиот идентитет не е лично доживување, туку природен идентитет,* „Канал 5“, 1 јуни 2021)

Иако оваа тематска целина е квантитативно помала од претходните четири, таа се појавува во силни варијанти на рамките и во неа предничат позитивните наспроти негативните примери. Сепак, медиумите треба да внимаваат и да не дозволуваат коментари кои содржат радикални форми на навреди, говор на омраза и повици за насилство. Трансродовата заедница е една од најмаргинализираните групи во нашето општество и медиумите имаат обврска да ги заштитат оние луѓе од оваа заедница кои јавно ќе проговорат за својот живот или за политичките каузи кои ги застапуваат.

## 3.2. ПРЕПОРАКИ

- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација треба да продолжи да ги санкционира медиумските содржини кои вршат дискриминација или вознемирување врз основа на пол, род, сексуална ориентација и/или родов идентитет.
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги треба да продолжи со својата работа во борбата за искоренување на дискриминаторскиот и говорот на омраза врз основа на пол, род, сексуална ориентација и/или родов идентитет. ААВМУ треба да продолжи да спроведува истражувања насочени кон медиумската репрезентација на жените, родовите и сексуалните малцинства.

- Медиумите треба да ги почитуваат општите насоки за известување за ЛГБТИ како маргинализирана група, кои произлегуваат од Кодексот на новинарите на Македонија, како и оние кои произлегуваат од изготвените водичи на организациите кои се застапници на правата на оваа маргинализирана група.
- Медиумите треба да бидат едуцирани и сензибилизирани кога известуваат за родовите прашања и родово базираното насилство на непристрасен начин, со избегнување на виктимизација и стигматизација на жените и жртвите на насилство. Медиумите, особено уредниците и новинарите, треба да бидат запознаени со законските норми и етичките стандарди во однос на родовата еднаквост, со цел соодветно да ги применат во својата работа.
- Медиумите треба да изготват свои редакциски насоки за известување за маргинализираните групи, меѓу кои и за ЛГБТИ заедницата, за да се надмине распространетата практика на нивна дискриминација. Овие редакциски насоки во секој медиум треба да произлегуваат од општите начела и во детали да ги разработуваат начините на кои новинарите треба да се постават кога известуваат за оваа група.
- Во училишните курикулуми значајно место треба да заземе прашањето на медиумската писменост, во чии рамки прашањето на деконструкција на дискриминацијата мора да има централно место. Ова долгорочно треба да обезбеди критичка публика која од јавната сфера секогаш ќе бара повеќе и ќе биде подготвена да им се спротивстави на стигматизирачките и демонизирачки дискурси насочени кон ЛГБТИ заедницата.

**Литература**


- Дрндаревска, Д., Анастасовска, С. *Извештај за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет за периодот 15.05.2021 – 15.07.2021,* Мрежа за заштита од дискриминација, Скопје, 2021.
- *Истражување на мислењето на публиката во Република Македонија.* Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Северна Македонија, Скопје, 2017.
- Кимов, Ѓ., Кимова, Ф. *Барометар на еднакви можности.* Скопје, ОБСЕ, Скопје, 2019.
- Мицевски, И. *Fraiming the rainbow/Анализа на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТ-заедницата.* Коалиција Маргини, Скопје, 2017.

- *Поларизацијата како средство на популистичко владеење и како да се надмине,* Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, Скопје, 2019.
- Трајановски, Ж., Цветковиќ, И., Панајотов, С. *Медиумските дискурси и дискриминацијата врз припадниците на маргинализираните групи (корисници на дрога, сексуални работници, ЛГБТ, лица што живеат со ХИВ).* Коалиција Маргини, Скопје, 2011.
- Трајановски, Ж., Беличанец, Р., Чаусидис, Т. *Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници: водич за медиуми,* Скопје, Коалиција Маргини, Скопје, 2013.
- Закон за медиуми, „Службен весник на Република Северна Македонија", број 184/13, 2013.

  Достапен на: https://bit.ly/2ZPnjFg
- Civil Rights Defenders, *Attitudes towards LGBTI+ rights and issues in North Macedonia*. December 2020.
- Cohen, S. *Folk Devils and Moral Panics: The creation of the Mods and Rockers.* Routledge, New York, 2002.
- Denkovski D., Bernarding N., and Lunz K. *Power over Rights/Understanding and countering the transnational anti-gender movement Volume I.* Centre for Feminist Foreign Policy, Berlin, 2021.
- Dimitrov, S., Cvetkovic, I. *Heteronormative agnotology: The performative of silence and ignorance in Macedonian media, In Rosic, T. et al. Representation of gender minority groups in media: Serbia, Montenegro and Macedonia,* Belgrade. Faculty of Media and Communication Singidunum University, 2015.
- Dimitrov, S. *The Triumphant Distribution of the Heteronormative Sensible: The case of sexual minorities in Transitional Macedonia 1991-2012: Gender (In)equality and Gender Politics in Southeastern Europe (pp. 231-254).* Palgrave Macmillan, 2012.
- Entman, R.M. *Framing: Toward Clarification of a Fractured Paradigm:* Journal of Communication 43(4): 51–8. 1993.
- Griffon, L., Clough, L., Pruth, C. & Johansson, M. *The fierce and the furious - feminist insights into the anti-gender narratives and movement,* EuroMed Rights, 2019.

# 4.

# МОРАЛИЗИРАЊЕ, ОБВИНУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ И БАРАЊЕ ПРАВДА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ЗА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА „ЈАВНА СОБА“

## Пишува: Елена Гаговска

### 4.1. ВОВЕДНИ СОГЛЕДБИ

Оваа студија на случај се однесува на медиумското известување за случајот на сексуално вознемирување на жени и девојки во скандалот „Јавна соба“, кој првпат се откри во јануари 2020 година и повторно стана актуелен во јавноста една година подоцна, во јануари 2021 г. „Јавна соба“ беше масовна онлајн чет-група на руската апликација за онлајн комуникација Телеграм, каде се споделуваа слики и видеа со експлицитна и порнографска содржина од девојки и жени, телефонски броеви, профили на социјални медиуми и други лични информации без дадена согласност од страна на девојките и жените кои беа жртви на сексуално вознемирување и родово засновано насилство. Првата група со име „Јавна соба“, која броеше над 7.400 членови, стана позната за јавноста откога непрофитниот медиум „Радио МОФ“ првпат извести за неа на 25 јануари 2020 година, пишувајќи:

> „До Радио МОФ реагираа средношколци кои пристапиле до групата, и појаснуваат дека дел од сликите кои се објавуваат и коментираат се преземени од отворени профили. Сепак, додаваат дел биле испратени преку приватни пораки, но потоа се нашле во ‘Јавна соба’ на Телеграм. Најголемиот дел им припаѓаат на малолетни девојчиња.“ (Ј. Ј., *Во затворена група на „Телеграм“ македонски средношколци споделуваат експлицитни фотографии на свои врсници*, „Радио МОФ“, 25 јануари 2020)

Во овој прв напис не се споменуваат зборовите „согласност“, „жртви“ или, пак, „родово засновано насилство“ кои јасно би го дефинирале проблемот. „Радио МОФ“ понатаму во 2020 и 2021 година ги објавуваат некои од најдобрите содржини во

кои се зборува за родово засновано насилство и сексуално вознемирување. Сепак, оваа прва објава не користи соодветна терминологија за да ги опише дејствијата и криминалите сторени во оваа Телеграм група – нешто што е генерален проблем на вестите и прилозите за „Јавна соба“ во поголемиот дел од известувањето во 2020 година. Кога втората група „Јавна соба“ е откриена во 2021 г., наративот станува поинаков. Во првиот прилог од телевизијата „Сител“ за оваа група веќе се присутни релевантни гласови за темата, имено гласот на анонимна девојка која е жртва на „Јавна соба“ и гласот на феминистките со тоа што е интервјуирана Ирена Цветковиќ, извршна директорка на Коалиција Маргини. Цветковиќ ја идентификува групата како „кривично дело“, а девојките и жените чии слики/лични податоци завршиле во групата како „жртви“ (Даниел Василев, *„Јавна соба“ е сѐ уште активна со над пет илјади членови,* „Сител“, 26 јарнуари 2021).

Оваа студија на случај прави компаративна анализа на различни елементи покриени од страна на македонските медиуми кои известувале за „Јавна соба“ во текот на 2020 година, наспроти оние од првите шест месеци од 2021 г. Во известувањето од 2020 г. често изостанува клучна терминологија поврзана со родово засновано насилство, а дополнително значително се присутни конзервативни и морализирачки наративи. Кај известувањето од 2021 г. се забележуваат позитивни промени, односно известувањето станува родово посензитивно, гласовите на жртвите на „Јавна соба“ и граѓанското општество се значајно позастапени и на тој начин јавниот дискурс станува наратив насочен кон барање правда и одговорност.

## 4.2. ОБВИНУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ НАСПРОТИ РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО

Наративот дека жртвите на сексуално вознемирување и родово засновано насилство во „Јавна соба“ се, всушност, самите виновни за тоа што им се случило е прилично присутен во медиумскиот простор во 2020 г., но до некој степен и во 2021 година. Експлицитното обвинување на жртвите во двете години се случуваше најмногу на социјалните мрежи, а не на традиционалните медиуми и онлајн порталите. Сепак, во известувањето во 2020 г. отсуствува фокус врз фактот дека фотографиите и видеата од жртвите се споделени **без согласност.** Во многу наврати девојките и жените чии фотографии или лични податоци се злоупотребени не се именуваат како жртви. Наместо тоа, фокусот се става на содржината на фотографиите и видеата, а не на тоа дека се споделени без дозвола и дека претставуваат родово засновано насилство. Новинарите и понатаму во прилозите често ги користат фразите „еротски фотографии“ или „порнографската група на Телеграм“ во насловите, веројатно за да го привлечат вниманието на публиката. Всушност, можеме да

заклучиме дека медиумите капитализираат на општественото табу околу сексот и порнографијата, што го користат за пишување сензационалистички прилози. Во 2020 година споделуваната порнографска содржина на групата „Јавна соба“ често се презентира без доволно контекст, без јасно објаснување за тоа кој е жртва, а кој насилник, и најчесто без никаква дискусија за родово заснованото насилство и системскиот сексизам. Еден пример на вакво известување е прилог од „Весник“:

> „Спорот законот ваквите дејствија создавање и ширење порнографија се казниви со казна од 5 години но, очигледно тоа не ги спречило околу 8.000 лица да учествуваат. Засега е непознат мотивот и начинот како се случило девојките кои се прикажувани во видеата и фотографиите да се согласат на тоа.“ (*ВЕЧЕР ДОЗНАВА некои имиња од ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ПОРНОГРАФСКАТА ГРУПА,* „Весник“, 27 јануари 2020)

Во написот од „Весник“ (кој нема автор) не се појавуваат зборовите „жртва“, „согласност“ или „насилство“, туку фокусот се става на споделуваната порнографија. „Весник“ конкретно прашува како девојките се согласиле да се фотографираат или снимат во порнографски контекст. На овој начин вината суптилно се префрла кон девојките, бидејќи имплицитно ѝ посочува на публиката дека тие се оние кои се фотографирале или снимиле на тој начин. Друг пример на имплицитно обвинување на жртвите е еден прилог од „Слободен печат“:

> „Администраторот на групата каде се споделуваат порнографски фотографии и видеа од македонски девојки, од кои дел малолетни, која од синоќа е преименувана од ‘Јавна соба’ во ‘Само за возрасни’ е тинејџер.“ (*Администраторот на „Јавна соба“ е тинејџер: Групата изгуби контрола, не можев да ја избришам,* „Слободен печат“, 27 јануари 2020)

Освен што во текстот постои суптилна игра на зборови во контрастот помеѓу група која е „Само за возрасни“ и фактот дека е создадена од тинејџер (лице кое по дефиниција не е возрасна личност), овој прилог воопшто не го именува криминалот што се случува во „Јавна соба“, ниту пак дефинира за каков вид насилство се работи. Исклучувањето на родовата перспектива, неврамувањето на жените и девојките кои искусиле сексуално вознемирување како жртви и дополнувањето на овој наратив со фактот дека администраторот е малолетник, може да се толкува како банализирање на проблемот.

Во известувачкиот период наидовме на содржини, најчесто во формата на колумни, кои на поексплицитен начин ги обвинуваат жртвите. Во 2020 година најекстремен пример за ваквата двојна виктимизација на жртвите во медиумскиот простор е колумната на Магдалена Стојмановиќ во „Магазин. мк“, во која таа го користи познатиот есеј *Сопствена соба (A Room of One’s Own)* на писателката и феминистка Вирџинија Вулф за

потребата на жените да имаат сопствена соба во која би можеле креативно да се изразуваат и да се чувствуваат слободни, преку што ги обвинува жртвите за нивната виктимизација:

> „Што се однесува до девојчињата и жените кои се нашле на 'Јавна соба' не знам дали треба да бидат третирани како жртви или како учесници во јавниот блам. Нивното инсистирање на привлекување на машкиот пол со тоа што ќе испраќаат слики од голи тела со перверзни повикувања е последица од нивното погрешно воспитување. За жал девојчињата се учат дека најважната работа во животот е да се довлечкаш до креветот на еден маж и таму да се задржиш што повеќе, по можност целиот живот. Никој не ги научил девојчињата дека наместо за туѓ кревет, треба да се борат да создадат свој. Да ја изберат својата постела во која ќе го најдат својот мир и спокој. Наместо борба за појавување во 'Јавна соба' треба да покажеме борба за градење на 'Сопствена соба' тоа треба да биде нашето мото како род! Не феминизам, не револуции, само конструкција на свој простор сместен во синтагмата 'Сопствена соба'." (Магдалена Стојмановиќ, *ПОКРАЈ „ЈАВНА СОБА" ПОСТОИ И НЕШТО ШТО СЕ ВИКА „СОПСТВЕНА СОБА"*, „Магазин", 4 февруари 2020)

Нема споредлив пример со колумната на Стојмановиќ во 2021 г., но колумната на Џејлан Велиу навлегува во слична категорија на квазифеминистичко аргументирање преку кое се осудуваат жртвите за направените порнографски материјали, бидејќи авторките ја перципираат оваа активност само како начин на задоволување на мажи. Односно, Стојмановиќ и Велиу имплицитно ги гледаат жените како сексуални објекти и неспособни да искусат сексуално задоволство од размената на сексуални содржини. Без разлика што Велиу се оградува од конзервативците кои ги осудуваат жртвите, таа сепак имплицитно ги осудува жртвите за начинот на кој се сликале. Понатаму, Стојмановиќ и Велиу го игнорираат фактот дека во „Јавна соба" не беа споделувани само експлицитни содржини без дозвола, туку и лични податоци и профили на социјални медиуми кои не претставуваат порнографска содржина. Велиу пишува:

> „Самиот акт на праќање на 'несоодветни' фотографии пак има за цел задоволувањето на ниските потреби на 'мажињата'. За жал, многу мал број на жени се свесни за потребата од интелектуална и вредносна еднаквост со мажите. Ова е повторно поради општествениот систем во кој живееме, бидејќи и кај самите девојки/жени е присутно мислењето, кое патем е наметното од традицијата (патријархатот) дека мора да изгледаат убаво, дотерано и разголено, за да им бидат привлечни на 'мажињата'. А што се однесува до оние кои ги осудуваат девојките/жените кои се сликале разголени и праќале фотографии, кај нив се работи за длабока конзервативност кои моралот и честа кај жените ја бараат во нивното меѓуножје." (Џејлан Велиу, *За Јавна соба и за тоа што треба да се прави*, „Гласник", 28 јануари 2021)

Експлицитно негативното известување е многу малку присутно, но низ истражувањето можевме да забележиме дека релативно значителен дел од наративите кои ги обвинуваат жртвите го прават тоа на имплицитен начин, маскиран во наративот за онлајн и интернет-безбедност и внимателност, кој е значително позастапен во известувањето од 2020 година. Ставањето во фокус на безбедното користење на Интернет, наместо на одговорност и правда за жртвите на родово засновано насилство во дигиталниот простор, претставува суптилна стратегија на врамување на проблемот на сексуално вознемирување како проблем на заштита на лични податоци наместо како кривичноправен проблем или форма на родово засновано насилство.

> „Тие предаторите, тоа е веројатно и можна педофилска мрежа која треба да ја гони полицијата. Девојчињата во секој случај се жртви. Имало и лажни профили со фотографии од девојчиња, но имало и реални фотографии. Она што е важно е што кога отвараат Инстаграм, треба да си ги заштитат профилите и да внимаваат какви фотографии ставаат. Не ја префрламе вината кај децата, но треба да се заштитат, рече Змијанац.“ (*Змијанац: Јавна соба е можна педофилска мрежа,* „Скопје Инфо“, 29 јануари 2020)

> „Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) советува државата да ја зголеми соработката меѓу секторите за здравство, образование и заштита, како и да реализира програми за ментално здравје на адолесцентите и за заштита од насилство. ‘Децата треба да се свесни за придобивките и ризиците од нивното ангажирање на интернет. Треба да знаат дека интернетот не е приватен и дека сѐ што се споделува таму, останува постојано.’“ (Мирослава Бурнс, *Дали во „Јавна соба“ лежи синџир за проституција?,* „Слободен печат“, 30 јануари 2020)

Ваков вид на имплицитна двојна виктимизација повремено се појавува и во 2021 година. Еден од тие ретки примери е интервју во „Опсервер“ со Сенад Аруч, експерт за сајбербезбедност, кој иако го користи зборот „жртви“, сепак не обрнува доволно внимание на родовата компонента на насилството во „Јавна соба“. Аруч дури ја претставува првата „Јавна соба“ како „форум за наоѓање на ескорти, влегуваш и гледаш во слики кои се девојките и со нивни телефонски броеви, колку што читав од порталите“. Овој исказ не само што е неточен туку на опасен начин ја поистоветува консензуалната сексуална работа и сексуалното вознемирување. Тој, исто така, зборува и за онлајн внимателност од корисниците:

> „Ќе чуете која е разликата помеѓу Холандија и Македонија и на кој начин малтретираат Холанѓаните преку Интернет, но и важноста на самите луѓе да внимаваат на своето однесување во светот на социјалните мрежи.“ (*Целото интервју со Сенад Аруч, експерт за сајбер безбедност,* „Опсервер“, 10 февруари 2021)

Иако овие наративи се обесхрабрувачки, сепак, низ истражувањето забележавме позитивна промена. Имено, во 2021 година доминантниот наратив од страна на традиционалните медиуми и онлајн платформите ги врамуваше жените и девојките чии слики и лични податоци биле злоупотребени како жртви на родово засновано насилство и сексуално вознемирување. Овие термини не се користат секогаш експлицитно, но во најголемиот дел од прилозите жртвите се коректно идентификувани како жртви.

## 4.3. ФОКУС НА ДЕТСКА ПОРНОГРАФИЈА НАСПРОТИ ГЛАСОВИТЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ЖРТВИ

Забележлива разлика меѓу известувањето во 2020 и 2021 година е фокусот кој е даден на малолетните жртви на „Јавна соба“. Односно, во 2020 година поголем дел од известувањето се фокусира на фактот дека во „Јавна соба“ се споделувале експлицитни фотографии од малолетнички, но без да се спомене дека тие се пратени без нивна согласност. Исто така, во 2020 година „Јавна соба“ често се дефинира како проблем на младите и губењето на семејните вредности – нешто што подетално ќе го анализирам во наредната секција. Со ова врамување не само што се заборавaат возрасните жртви на „Јавна соба“ туку во некои случаи и возрасните насилници. На пример, повеќе медиуми ја пренесоа веста дека администраторот на „Јавна соба“ бил тинејџер, имплицитно врамувајќи го случајот како проблем на младите генерации. Еден дел од прилозите експлицитно се фокусираат на „Јавна соба“ како проблем на тинејџерите, односно на младите генерации кои наводно имаат „изместен вредносен систем“. Во интервјуто со професорката д-р Татјана Стојаноска Иванова од Институтот за социологија при Филозофскиот факултет за „Женски магазин“, новинарот го врамува овој разговор на следниот начин:

> „Случајот ʻЈавна собаʼ е уште една потврда за проблематичното однесување на младите, но и за одамна изместените вредности во општеството генерално. Групата со експлицитни фотографии и порнографски сеанси снимени со мобилен на малолетнички која пред неколку дена ја возбуди јавноста, уште еднаш нè натера сериозно да подразмислиме во кој правец ни талка младината и кој е виновен за лошто поведение на македонските тинејџери.“ (Ѓ. Стојанов, *Многу родители одобруваат насилство врз децата: Разговор со Татјана Стојаноска Иванова, професорка.*, „Женски магазин“, 29 јануари 2020)

Во известувачкиот период од 2020 година во значителен дел од содржините центарот е ставен на „педофилската“ димензија на случајот, постојано споменувајќи дека скандалот вклучува

малолетни девојчиња, исклучувајќи ги полнолетните жртви како вредни за внимание. Во насловите фокусот речиси никогаш не е ставен на возрасните жртви и често нивната виктимизација е периферно спомената, додека страдањето на малолетните жртви е во центарот. На пример, вака гласи почетокот на една вест:

> „Фотографии од малолетни девојчиња од земјава со интимна содржина, видеа на раб на порнографија се споделуваа до вчера во затворената група 'Јавна соба' креирана на апликацијата 'Телеграм', која до тогаш броеше над 7.400 членови. Според коментарите се претпоставува дека се работи за средношколки и основки од земјава, но во групата има и возрасни." (*Група во која се споделува интимна содржина од малолетни девојчиња ја вознемири јавноста,* „Нова Македонија", 26 јануари 2020)

Јасно е и од насловот на оваа вест дека во фокус е споделувањето на детска порнографија во групата, а не родово засновано насилство, термин кој воопшто не е искористен во прилогот. Во 2020 година се објавени многу вести слични на оваа, во кои се сензационалира споделувањето на малолетнички порнографски содржини без да се зборува за родовата компонента на насилството и фактот што содржините се споделени без согласност. Иако во фокус се ставаат малолетните жртви и тинејџерите, нивните гласови се практично отсутни од медиумскиот простор. Со малку исклучоци, тинејџерите генерално не добиваат шанса да придонесат во оваа дебата во медиумите. Наместо нив, зборуваат возрасни „експерти" во нивно име на патронизирачки начин. Исклучок од ова правило е интервјуто со Ирена Цветковиќ во „Diversity Media", каде што таа на неморализирачки начин ги врамува девојките како сексуални субјекти способни за носење свои одлуки:

> „Истражувањата покажуваат дека младите (и момчиња и девојчиња) искусуваат и доживуваат позитивни емоции во процесите на размена на сексуални содржини со своите интимни партнери/ки. Сепак, кога станува збор за секундарна размена на овој тип на содржини која е неконсензуална, односно кога содржините со сексуална конотација без знаење или согласност се испраќаат до трети лица, тогаш емотивниот одговор е сосема различен. Па така, кога во интимна комуникација се споделуваат овој тип на содржини, младите кажуваат дека чувствуваат позитивни емоции, декларираат дека добиваат чувство на живост, активност и растење на самодовербата и кај овие емоции немаме разлики според род (односно момчињата и девојчињата речиси подеднакво декларираат позитивни емоции)." (Дајана Лазаревска и Рита Бехадини, *Ирена Цветковиќ: По Јавна соба мора да покажаме успешен случај на добивање правда за жртвите,* „Diversity Media", 20 февруари 2020)

За разлика од известувањето во 2020, во 2021 година скоро да нема фокус на детска порнографија (иако некои од жртвите беа малолетнички), туку „Јавна соба“ се врамува како проблем на сексуално вознемирување и родово засновано насилство, иако секогаш не се користат овие два термина, но речиси секогаш девојките и жените се наречени „жртви“. Еден фактор што го менува овој наратив е присуството на гласовите на возрасните жртви на „Јавна соба“ и гласовите на феминистките и активист(к)ите од граѓанското општество. Првата конкретна жртва на „Јавна соба“ во 2021 година која се појавува во медиумите е млада девојка која анонимно ја контактирала редакцијата на „Сител“:

> „22-годишна девојка од внатрешноста на Македонија се обрати до Сител. Нејзин пријател ја предупредил дека во групата биле објавени една нејзина фотографија од Фејсбук и уште две експлицитни од девојка која наликувала на неа. Пријавила во полиција, но оттаму само ѝ рекле дека вакви групи имало многу.“ (Даниел Василев, *„Јавна соба“ сè уште е активна со над пет илјади членови,* 26 јануари 2021)

Без разлика што девојката која ја контактирала редакцијата на „Сител“ е анонимна, искуството кое е пренесено од „Сител“ има конкретни детали што ја хуманизираат како жртва, за разлика од многуте сензационалистички прилози во 2020 година. Прилогот од „Сител“, исто така, вклучува цитат од Ирена Цветковиќ со кој е коментиран институционалниот елемент на случајот. По оваа анонимна изјава пренесена од „Сител“, утредента Ана Колева, полнолетна жртва на „Јавна соба“ од Кавадарци, објави видео за своето искуство на нејзиниот инстаграм-профил. Видеото сега има скоро 400.000 прегледи и несомнено придонесе за различната медиумска покриеност на „Јавна соба“ во 2021 година. Во видеото Колева зборува за родовата компонента на насилството, но најмногу се фокусира на институционалниот пропуст во нејзиниот случај, односно кога таа отишла да го пријави случајот во полиција:

> „Најголемо разочарување за Ана била реакцијата на полицијата. ‘Кога слушнаа дека сум полнолетна, односно дека имам 28 години, ми рекоа дека ништо не можат да направат, затоа што Законот во нашата држава е само за малолетниците, за ваквите случаи. Јас во тој момент се почувствував толку беспомошно и бесно, што не знаев што да направам и каде да се обратам. Изгубив секаква надеж, многу се разочарав. Видов дека во државава не постои правда, дека ако ние имаме над 18 години, ние намаме никаква заштита. Токму поради тоа, луѓето се осмелуваат на вакви работи, зашто знаат дека никој ништо нема да им направи’ – вели таа.“ (*„Денес жртва сум јас, утре може да бидеш ти“: Смелата Ана чија фотографија беше злоупотребена во „Јавна соба“ со силна порака,* „Фемина“, 27 јануари 2021)

Изјавата на Ана Колева не само што беше пренесена од страна на голем број медиуми туку таа на повеќе наврати беше и директно интервјуирана од новинари. Во неколку интервјуа Колева не зборува само како жртва на „Јавна соба“, туку се споменуваат и други аспекти од нејзиниот живот преку кои таа е хуманизирана. Во објавата за нејзиното интервју со „Точка“, Ана е опишана како „28-годишната девојка живее сосема нормален живот, исполнет со авантури и нови искуства кои ѝ ги сервира животот, но ништо толку непријатно како случајот ‘Јавна соба’.“ (*Која е Ана, девојката која беше жртва на скандалозната група „Јавна соба“?,* „Точка“, 28 јануари 2021) Исто така, во нејзиното интервју со „МMC“, Колева објаснува дека токму благодарение на анонимната девојка која ја контактирала редакцијата на „Сител“, таа се инспирирала да ја сподели својата приказна: „Кога на медиумите слушнав исповед на анонимна девојка, која исто е жртва во оваа група, решив да проговорам на социјалните мрежи. Не треба да се молчи. Нема од што да се срамам, не сум сторила на никого ништо. Треба да се срамат тие кои го направиле сето тоа.“ (Ангел Данов, *(Видео) Нема од што да се срамам, нека се срамат тие со гадостите – кавадарчанката Ана очекува институциите да реагираат,* „МMC“, 27 јануари 2021).

Искуствата на Колева, како и искуствата на другите жртви (на пример, адвокатката Марта Гусар), добиваат политичка, активистичка и феминистичка димензија. Тие служат како доказ за нефункционирање и со тоа за соучество на институциите во родово заснованото насилство кое државата дозволува да помине неказнето. Возрасните жртви не го одземаат вниманието од малолетните жртви, ниту пак го релативизираат нивното страдање, туку даваат точна дефиниција и врамување на проблемот како родово засновано насилство и сексуално вознемирување.

Вклучувањето на гласот на жртвите успева да ги активира и другите сегменти на граѓанското општество. За разлика од 2020, во 2021 година медиумите пренесуваат многу повеќе изјави на интелектуалци и експерти, како новинарот Ивор Мицковски и писателката Румена Бужаровска. Освен тоа, голем број формални и неформални здруженија, како „ЗЕРКА“ Центар за психотерапија и едукација, и студентите од Правниот факултет, јавно понудија психолошка, правна и друга помош за жртвите на „Јавна соба“. Медиумското врамување на случајот „Јавна соба“ како случај на родово засновано насилство против многу жени и девојки, случај кој изискува институционален одговор, правда и одговорност, претставува силна варијанта на медимско врамување. Ова врамување успеа да предизвика и општествена промена во перцепцијата на девојките и жените чии податоци се споделувале без согласност како на жртви наместо како на виновници.

## 4.4. ПРИВАТНАТА СФЕРА VS. ЈАВНАТА СФЕРА: КАДЕ Е ВИНАТА?

Најголемата разлика што се забележува во медиумските дискурси е местото каде што се бара вината за „Јавна соба“. Иако медиумите детално ја следат истрагата и ги пренесуваат изјавите на институциите за време на двете години, во 2021 г. многу поголем фокус се става на одговорноста која ја носат државните органи, чија должност е да санкционираат вакви кривични дела. Односно, поради гласовите на жртвите и притисокот од активистите и јавноста, во 2021 вината за „Јавна соба“ е насочена кон институциите. Во 2020 година секако дека одредени гласови во медиумите бараат одговорност од институциите – како демонстрантите на протестот на 8 Март – но медиумите диспропорционално многу обрнуваа внимание на наводната одговорност која ја носат семејството и приватната сфера. Наместо да се врами „Јавна соба“ како скандалозен случај на родово засновано насилство и сексуално вознемирување, многу од личностите интервјуирани од медиумите ги игнорираат родовите компоненти на случајот и на моралистички и пуритански начини ги осудуваат случувањата во групата. Често, насловите кои ги одбираат медиумите го одразуваат овој наратив. На пример, дебатата на „24 вести“, на која зборуваат повеќе говорници, меѓу кои и Калиа Димитрова, главната уредничка на феминистичката платформа „Медуза“, го има следниот наслов: „Јавна соба, слика и прилика на општество кое тоне во неморал“.

Наративите за моралниот распад на општеството генерално предизвикуваат силни емоции и се темелат врз наративот за девијантноста на младите. Со други зборови, токму поради тоа што во прилозите од 2020 година значителен фокус е ставен на детската порнографија, а случајот „Јавна соба“ е врамен како проблем меѓу младите, резултатот е причината за овој кривичноправен проблем да се бара во наводната генерациска девијантност. Постојат два испреплетени наративи кои ја објаснуваат оваа девијантност, со тоа што генерално се става повеќе тежина на втората: (1) неконтролираното користење на социјалните мрежи меѓу младите, и (2) недостиг на семејни вредности. Овие два наратива се спојуваат во интервјуто со педагогот Весна Велкова, кога таа е прашана за препорака за тоа како „младите да се заштитат за да не завршат во некоја друга ‘јавна соба’?“:

> „Ако мене ме прашувате, треба со закон да се забранат телефоните во училиштето, иако имаме ние места каде ги оставаат. Мојата порака е до родителите. Градете јаки темели во семејството за да може ние во училиштата да подигаме спратови. Од искуството што го имам сакам само едно да им кажам на родителите. Децата бараат внимание, сè друго им е помалку важно.“ (Ѓ. Стојанов, *Децата бараат внимание, сè друго им е помалку важно: Разговор со Весна Велкова*, „Женски магазин“, 12 февруари 2020)

Велкова воопшто не ја споменува родовата компонента на насилството на „Јавна соба“, туку вината ја става кај родителите кои недоволно комуницираат со своите деца. Исклучувањето на родовата компонента во овој случај е исклучување на клучната компонента од насилството што се случило. Тоа доведува до грешка во утврдувањето на причините за проблемот и креира погрешни стратегии за справување со проблемот. Покрај тоа, овој морализирачки наратив имплицитно ги обвинува жртвите, го осудува генерално сексуалното однесување на младите, без да се прави разлика во однесувања за кои инволвираните даваат или не даваат согласност. Понатаму, преку обвинувањето на родителите, овие медиумски содржини ги амнестираат институциите на системот, а одговорноста ја насочуваат кон приватната сфера на домот и семејството. Префрлувањето на вината кон семејството некогаш се случува во форма на совети насочени кон родителите:

> „Од Центарот за социјални работи каде работат со вакви случаи и ваков вид на жртви велат дека сепак најголемата улога во едукација на децата требало да ја имаат родителите.
> ‘Да ја подобрат комуникацијата со децата, да им се доближат за децата да имаат поголема доверба во нив и едноставно да чувствуваат и да ги почитуваат како родители, но да разговараат со нив и да им се доверуваат како на другари’, додаде Гордана Вељаноска, педагог во Центар за социјална работа Прилеп.“ (Дарко Штарговски, *Младите не се запознаени со негативните последици од социјалните медиуми,* „Сител“, 19 февруари 2020)

Откога вината е успешно префрлена кон приватната сфера и родителите, овој вид говорници создаваат наративи за моралниот пад на општеството и семејните вредности. Оваа реакционерска морализација е премногу општа и не наоѓа конкретен виновник ниту во насилниците ниту во институциите. Наместо тоа, вината се става на некоја мистична и аисторична деградација на семејството и го претвора случајот „Јавна соба“ во симбол на моралниот пад. Овој наратив е посебно видлив во интервјуто со психологот Моника Наумоска и во интервјуто со директорот на Првата детска амбасада „Меѓаши“, Драги Змијанац:

> „Во денешно време не постојат традиционални семејства и сликата за семејството е сосема поинаква од претходно. На пример родителите на секое место и во секое време го користат интернетот и тоа децата го гледаат, тоа се случува пред нивните очи. Денешното семејство функционира по принципот ‘сите заедно – но секој сам’, затоа што сите се во тој некој свој виртуелен свет, иако се физички заедно. Така, децата добиваат многу намалено внимание од родителите и се чувствуваат како помалку вредни во одредени ситуации, па им се наметнува некоја потреба да комуницираат и да ги изразуваат своите емоции со некој виртуелен пријател, затоа што не можат тоа да

го остварат во средината каде што треба, а тоа е секако домот.“ (*Разговор со Моника Наумоска, психолог во гимназијата во Гостивар, Родителите да ги остават мобилните и повеќе внимание да им посветат на децата,* „Гостивар пресс“, 27 јануари 2020)

„Општ пад на моралните вредности и губење на семејните вредности. Губење на контакт и комуникација на родителите со децата и една слика како функционира образовниот систем. Говори и за една отуѓеност и потреба на децата да привлечат внимание меѓу своите другарчиња, а притоа сликите се злоупотребени и ставени на тапет – изјави Змијанац.“ (*Змијанац: Општ пад на моралните и семејните вредности,* „Слободен печат“, 28 јануари 2020)

Двајцата говорници претставуваат романтизирана слика за некакво замислено минато во кое владееле семејни вредности и ја гледаат појавата на „Јавна соба“ како последица на „модерните времиња“. Преку овој конзервативен наратив, овие говорници никогаш експлицитно не ги обвинуваат жртвите, но наместо лоцирање на вината во патријархалните и сексистички системски структури, ги осудуваат „модерните“ вредности на општеството. Терминот „семејни вредности“ е многу општ, но буди асоцијации на една традиционална слика за патријархалниот идеал на брачен хетеросексуален пар и нивните деца. Ако има пад на овие вредности, тоа значи дека вината суптилно се префрла врз „модерните“ појави какви што се еднородителските семејства, (сексуално) еманципираните жени и видливоста на ЛГБТИ заедницата. Но вината треба да се бара токму во обратното место, односно во системскиот сексизам кој е последица на патријархалните, семејни вредности и е длабоко присутен, како и во македонските државни институции кои сè уште ретко го санкционираат родово заснованото насилство.

Овој наратив е практично непостоечки во медиумите во 2021 година и овој пат вината е правилно насочена кон насилниците и институциите, односно кон јавната сфера. Оваа позитивна промена се должи на повеќе фактори, а еден од нив е поминатото време. Поради брзото затворање на првата „Јавна соба“ од страна на МВР во 2020 година, се создаде перцепција дека институциите работат на случајот и дека во некој момент жртвите ќе добијат правда. Бидејќи донекаде постоеше претстава дека институциите сериозно го сфаќаат случајот, се создаде простор за други (морални) објаснувања за појавата на „Јавна соба“. Но кога и по една година ниту еден насилник не беше формално казнет во врска со случајот, на одреден дел од јавноста ѝ стана јасно дека институциите, всушност, потфрлиле. Односно, едногодишното непостапување на институциите е клучен дел од промената во наративот во 2021 година, што се гледа во повеќе наслови на медиумски содржини. Таква е објавата на „Либертас“ од 27.01.2021 со наслов „ФОТО: ‘Јавна соба’ никогаш не згасна. МВР и ОЈО година дена неуспешно ‘работат на случајот’“.

Временскиот аспект е несомнено важен во активацијата на јавноста, но можеби најважната промена во медиумските наративи за „Јавна соба“ е застапеноста на гласовите на жртвите, феминистките и поддржувачите на жртвите. Во 2021 година повеќето говорници и колумнисти – дури и тие кои не се декларираат како феминист(к)и – кои зборуваат за „Јавна соба“ се критички настроени кон институциите и кон сексистичките наративи кои ги преплавуваа социјалните медиуми двете години. Важна улога одиграа и граѓанските протести на 3 февруари и по повод 8 Март, како и прес-конференциите на Платформата за родова еднаквост насочени кон МВР и ОЈО. Овие протести, како и герила-акциите спроведени од граѓанските активист(к)и, добија голема медиумска покриеност и со тоа се создаде доминантниот наратив во кој девојките и жените беа јасно идентификувани како жртви на родово засновано насилство, а институциите како соучесници во тоа насилство преку нивниот игнорантен однос и непостапување.

> „'Одбивам да бидам задоволна со овие трошки што ни ги фрлаат и да се помирам со овие мизерни изговори. Одбивам да се срамам што постојам. Не мислам само на приведување на 4 предатори. Се ова мора да заврши... Буквално ни е смачено и не планираме да замолчиме сè додека секоја од нас не е слободна', изјави Калиа Димитрова.“ (Владимир Мирчевски, *Јавна осуда за „Јавна соба“*, „VOA“, 3 февруари 2021)

> „Маршот заврши пред Основното јавно обвинителство каде се обратија Марта Гусар, адвокатка којашто застапува жртви на семејно и родово базирано насилство, а и самата е жртва на 'Јавна соба', и активистката Драгана Дрндаревска. (...) Со оглед што во мојот случај за два часа се најдоа сторителите, се најде кој го споделил мојот телефонски број, апелирам до сите институции да имаат еднаков третман и кон жртвите кои се лаици, кон неука странка којашто не знае како да се заштити себеси. Да постапуваат на ист начин и со еднаков третман. Клучно е да се знае дека 'Јавна соба' навистина не е забава. 'Јавна соба' е класично кривично дело кое навистина мора да се третира како такво.“ (*Насилството врз жените не е личен проблем на секоја жена, туку обврска на институциите*, „Република“, 4 февруари 2021)

## 4.5. РЕАКЦИЈАТА НА ЈАВНАТА СФЕРА: ПОЛИТИЗАЦИЈА НА „ЈАВНА СОБА“

Мал број политичари коментираат во врска со „Јавна соба“ во 2020, но во 2021 година бројот на вакви изјави драстично се зголемува. Во 2020 г. најчесто се среќаваат изјави на политичари кои се функционери во надлежните институции што би требало да постапуваат во врска со случајот, како поранешниот технички министер за внатрешни работи Наќе Чулев, и тие изјави во

најголема мера имаат врска со самата истрага на случајот. Проблематично е што во 2020 и во 2021 година медиумите најчесто некритички ги пренесуваат изјавите на политичарите и институциите, што создава илузија на функционалност. Ваквото некритичко известување е посебно проблематично во 2021 г., кога голем број медиуми некритички пренесуваат изјави од МВР, министерот Оливер Спасовски и премиерот Зоран Заев за несоработката на компанијата Телеграм.

> „Групата е затворена, но од компанијата нема никаков контакт ни комуникација, вели министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски. До нив се испратени барања врз основа на документи од ЈО и судот, но залудно.“ (*Ни А ни Б од Телеграм: Не одговараат на барањата на МВР за „Јавна соба“, граѓаните на протест,* „Скопско Ехо“, 3 февруари 2021)

> „Претходно, премиерот Зоран Заев и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски побараа од Телеграм да ја избрише групата ‘Јавна соба’, во спротивно ќе се разгледа можноста апликацијата да се блокира или да го ограничи нејзиното користење во земјава.“ (*Телеграм конечно реагираше – избришана е Јавна соба,* „Нова ТВ-веб“, 28 јануари 2021)

Преку некритичкото пренесување на овие изјави, медиумите не само што нормализираат закана за државна цензура, туку и им помагаат на државните органи суптилно да ја префрлат вината од нив кон Телеграм, приватна компанија која нема легални ингеренции во Северна Македонија. Не е нелегално да се комуницира на енкриптирана апликација како Телеграм, туку нелегално е да се споделуваат екплицитни фотографии, профили на социјални медиуми и други лични податоци без согласност. „Јавна соба“ се случи на Телеграм, но овој вид на родово засновано насилство можеше да се случи на која било апликација, бидејќи не се санкционира правилно. Односно, преку вклучувањето на Телеграм како наводно релевантен актер во дискусијата за „Јавна соба“, државните органи чија должност е да ги штитат граѓаните на оваа држава и да санкционираат кривични дела, се создаде наратив каде Телеграм има еднаква или дури поголема должност кон македонските граѓан(к)и.

Друг наратив кој произлезе од македонската политичка сфера е партиската политизација на „Јавна соба“. Во 2020 година речиси не постои овој наратив освен во неколку написи, во кои се шпекулира дека можеби екс-директорот на УБК Сашо Мијалков бил дел од „Јавна соба“. За разлика од 2020, во 2021 година опозициската ВМРО-ДПМНЕ го користи случајот за да добие политички поени. Односно, повеќе политичари од ВМРО-ДПМНЕ се обидуваат да се позиционираат на страната на женските жртви и го користат фактот што „Јавна соба“ повторно се актуализираше за да ја категоризираат коалиционата влада на СДСМ како неспособна.

„Оливер Спасовски е неспособен министер кој ја загрозува безбедноста на граѓаните и одбива да постапува по барањата на граѓаните. Случајот со 'Јавна соба' што се појави минатата година беше решен за само два дена и групата беше затворена под водство на МВР на техничкиот министер Наќе Чулев, заштитувајќи ги сите жртви, се вели во соопштението од ВМРО ДПМНЕ." (*ВМРО ДПМНЕ: Неспособноста на Спасовски да се справи со телеграм групата „Јавна соба" загрози млади животи и создава жртви*, „Скопје 1", 27 јануари 2021)

Иронично е што првата „Јавна соба" се случи додека Наќе Чулев, политичар од ВМРО-ДПМНЕ, беше технички министер за внатрешни работи во 2020 година. Досега ниту еден учесник во „Јавна соба" не бил формално казнет, така што јасно е дека во 2020 г. ВМРО-ДПМНЕ го користи случајот за партиски пресметки. Сепак, позитивно е што порталот „Мета" објави критичка анализа со јасна временска рамка за овие изјави од ВМРО-ДПМНЕ, преку која докажува дека партијата ја користи „Јавна соба" за политички поени.

„А вистината е дека минатогодишниот случај 'Јавна соба' сè уште не е расчистен, ниту бил расчистен од тогашното раководство на МВР, без оглед што биле покренати кривични пријави против еден, двајца, тројца инволвирани, сеедно, од страна на МВР до Јавното обвинителство. Пребарувајќи по фактите може да се зборува суштински за „полурасчистување" на тој случај од лани, од страна на МВР." (*Контраспин: Тврдењето дека МВР и тогашниот министер Чулев го расчистиле случајот „Јавна соба" за еден ден е спин*, „Мета", 1 февруари 2021)

## 4.6. СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ: НОВ НАРАТИВ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Наративот за воведувањето на Сеопфатното сексуално образование (ССО) како метод за превенција на идни случаи каков што е „Јавна соба" е присутен и во 2020 и во 2021 година, но во 2021 г. добива поголема видливост. Во 2020 година дискусиите за ССО се покренати од лица од граѓанското општество, односно од Ирена Цветковиќ (Коалиција Маргини), професорката Мирјана Најчевска, претставници од ХЕРА и во една колумна на „Радио МОФ".

„'Проблемот не е во изместените вредности, туку во недостаток од знаења и информации, во лажниот морализам и игнорирање или табуизирање на сосема нормални и природни теми како сексуалност и сексуална активности. За да спречиме настани од типот на сексуално вознемирување и насилство (онлајн или офлајн) потребно е да се зафатиме со овие набројани причини

за истото, односно потребени се еманципаторски политики во сите сфери на општеството, сеопфатно сексуално образование достапно за сите млади и систем кој гарантира заштита на жените и девојките, но и сите оние кои можат да бидат жртви на овој тип на кривични дела’, вели Цветковиќ.“ (И. Р. *„Јавна соба“ доказ дека живеме во време во кое има недостаток од знаења и информации, лажен морализам и табуизирање на нормални теми,* „Локално“, 3 февруари 2020)

За разлика од 2020, во 2021 година ССО е дискутирано од страна на луѓе кои не се експерти по ова прашање, но ја изразуваат својата поддршка за воведување на ваков предмет во формалното образование како превентивен метод. Не може прецизно да се оцени на што точно се должи оваа промена, но може да се претпостави дека кампањите на организациите кои се занимаваат со ССО и променетиот медиумски наратив во кој жените и девојките се претставени како жртви, придонесува за поголемата поддршка за ССО. Исто така, не смее да се пропушти фактот што веќе во 2020 година беше најавена пилот-програмата за ССО во формалниот образовен систем, која започна во септември 2021 г., како и јавната поддршка за ССО од страна на министерката за образование Мила Царовска.

„Нема друг одговор освен да се погледнеме во огледало, да ги погледнеме нашите семејства и образовниот систем, да видиме дека ужасно ни недостасува СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ, да си признаеме дека кај нас сè е табу тема. Дека за СЕКС не зборуваме, дека за половите органи не зборуваме, дека за желбата за СЕКС не зборуваме.“ (*Владанка Димковска: Треба да зборуваме гласно за секое насилство!,* „Фронтлајн“, 29 јануари 2021)

„’Јавна соба’ и слични девијантни појави ни се случуваат заради тоа што голем дел на млади луѓе не дискутираат за себе, за своите релации, за својата сексуалност во училиште, рече министерката за образование и наука Мила Царовска во гостувањето во ‘Само интервју’ на ‘Канал 5 ТВ’.“ (*Царовска: Девијациите како „Јавна соба“ се резултат на немање дискусија за овие теми во училиште,* „24 Инфо“, 5 февруари 2021)

## 4.7. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во оваа анализа се гледа значајно подобрување во однос на родовата сензитивност во медиумското известување за случајот „Јавна соба“ во 2021 за разлика од 2020 година. Кога првпат се појавува случајот, најголемиот дел од медиумите известуваат сензационалистички и капитализираат на општественото табу околу сексот. Односно, медиумите ставаат акцент на

порнографскиот елемент на „Јавна соба“, особено поврзан со малолетните жртви, без притоа да го дефинираат случајот како родово засновано насилство и сексуално вознемирување. Без оваа јасна дефиниција, медиумите имплицитно ги обвинуваат жртвите на „Јавна соба“, бидејќи девојките и жените се тие кои ги направиле порнографските материјали – со ова врамување се игнорираат жртвите на кои само нивните профили на социјални медиуми и лични податоци биле злоупотребени. Последица на недефинирањето на жртвите и насилниците се низа од конзервативни врамувања кои ја разбираат „Јавна соба“ како проблем на младите, што е наводно резултат на општ пад на семејните вредности.

Во 2021 година речиси не постои ова конзервативно врамување кое имплицитно ги обвинува жртвите, иако и во текот на таа година постојат проблематични прилози. За разлика од 2020, фокусот во 2021 година не е ставен на малолетничката порнографија, туку на сексуално вознемирување и родово засновано насилство – термини кои секогаш не се експлицитно користени, но девојките и жените повредени во „Јавна соба“ скоро секогаш се идентификувани како жртви. Овој нов наратив се должи на присутноста на гласовите на полнолетните жртви (особено Ана Колева), како и гласовите на феминист(к)ите и активист(к)ите. Преку своите лични приказни, жртвите го хуманизираат проблемот и стануваат симбол за страдањето на сите други жртви кои не собрале храброст јавно да проговорат за „Јавна соба“. Голема улога, исто така, игра фактот што е помината цела година од првата „Јавна соба“ без ниту еден насилник да биде казнет. Односно, во 2020 година до некој степен беше создадена илузија дека институциите работат на случајот, но таа илузија тотално падна во вода во 2021 година. Поради јасното потфрлување на институциите во 2020, во 2021 година вината се бара кај полицијата, МВР и ОЈО, кои граѓан(к)ите ги перципираат како соучесници во насилството. Во 2021 година „Јавна соба“, исто така, се користи за политички пресметки меѓу партиите – динамика која воопшто не придонесе за решавање на случајот. Најпозитивниот наратив што се појавува во 2021 година е дека Сеопфатното сексуално образование би можело да превенира идна „Јавна соба“.

Иако има големо подобрување во известувањето од 2020 до 2021 година, новинар(к)ите и медиумските работни(ч)ки сепак не обрнуваат доволно внимание на терминологијата што ја користат во дискусии за родово засновано насилство и сексуално вознемирување. Не е доволно што во 2021 г. девојките и жените повредени во „Јавна соба“ се идентификувани како жртви, туку треба да е јасно точно какви жртви се. За време на известувањето во двете години, медиумите пропуштија шанса

да ја образуваат пошироката јавност за системскиот сексизам, сексуалното вознемирување и насилство; многу ретко во прилозите се споменува „патријархатот“ или „патријархалните вредности“. Исто така, често се пренесувани ставови на политичари, институции и други јавни личности без притоа да се додаде критички настроен коментар од страна на новинарот, дури и во случаи каде што се обвинуваат жртвите. Во иднина, препорачуваме медиумските работници соодветно да користат родово сензитивна терминологија, преку која јасно ќе се покаже кој е жртва, а кој насилник.

# 5.

# МОРАЛНАТА ПАНИКА И ПРЕТСТАВАТА НА ЛГБТИ ВО МЕДИУМИТЕ


## Пишува: Мања Величковска


### 5.1. ВОВЕД: МОРАЛНАТА ПАНИКА[1] И ОПШТЕСТВЕНАТА КЛИМА ЗА НЕЈЗИН РАЗВОЈ

Предмет на оваа анализа на случај се стратегиите за создавање на морална паника преку медиумскиот дискурс, во рамки на потесниот политички контекст во Република Северна Македонија и во релација со приказите на ЛГБТИ заедницата.

Моралната паника претставува процес во кој одредена „состојба, епизода, личност или група на луѓе“ (Cohen 2011, 1) добиваат статус на предизвикувачи на закани за општествените вредности и интереси.[2] Преку медиумската симболичка реторика тие се дефинираат како непријатели или „народни бабароги“, поради што кај јавноста се создава чувство на страв и социјална анксиозност. Јавноста тогаш повикува на акција[3], за на крај моралната паника да резултира со општествена промена,

1 Терминот „морална паника“ првпат се појавува во дискурсот на медиумската теорија со делото на Маршал Меклаун „Разбирајќи ги медиумите“ во 1964 година, но во сосема поинаков контекст и значење од она што го стекнува понатаму.

2 Стенли Коен, во неговата книга „Народните бабароги и моралната паника“ од 1972 година ја внесува моралната паника во теоријата како социолошки концепт, проширувајќи ја нејзината дефиниција и доведувајќи ја во релација со ефектите кои медиумите ги создаваат и одржуваат во општеството.

3 Први во одбрана на барикадите на веродостојноста на приказите на заканата истапуваат „уредниците, свештените лица и политичарите“ и други лица кои Коен иронично ги нарекува „здраворазумни луѓе“ *(right-thinking people)*. Тие, заедно со „прокламираните експерти во општеството“, изрекуваат дијагнози и даваат решенија за спас од заканата (Cohen 2011, 1).

стигматизација и насилство врз лицата кои се гледаат како нејзини предизвикувачи[4]. Заканата секогаш предизвикува силни чувства, бидејќи се пренесува како напад врз надразливите пунктови за мнозинството луѓе: децата, родителите и семејството, националниот идентитет и државата, културата, историјата, религијата и традиционалните вредности.

Имајќи ги предвид ригорозните последици од ваквата појава, овој текст има за цел да понуди скромен увид во проблемот во прилично шумно и несигурно време, преку илустрација на нејзината развојна приказна во тукашната средина, објаснувајќи ги клучните етапи: дефинирањето на заканата, именувањето на непријателот, повикувањето на акција и настапувањето на можните последици.

Во периодот од јануари до јули 2021 година, во домашните медиуми, статус на новосоздадени непријатели во рамки на моралната паника добија ЛГБТИ луѓето, а во помала мера дел од граѓанското општество и министерката за образование и наука Мила Царовска.

Пресудни за ваквото етикетирање беа неколку настани.

Во рамки на анализата, прв определувачки пункт за почетокот на моралната паника беше објавувањето на нацрт-верзијата на новата Концепција за основно образование[5] од страна на Министерството за образование и наука во 2020 година, што предизвика остри реакции кај јавноста. Како најспорно во неа се виде вклучувањето на изборниот предмет „сеопфатно сексуално образование“, бидејќи засегна содржина наменета за деца, сè уште непрепознаена како потребна во рамки на нашата конзервативна средина. Потоа, дебатата во јавноста се засили со објавувањето на новиот Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование[6], кој влезе во собраниска процедура во 2021 година.

Втор значаен пункт е донесувањето на пресуда на Судот во Стразбур во корист на трансродов маж во случајот на лицето „X против Република Македонија“[7], по што се утврдија недостатоците во постојниот Закон за матична евиденција, кој не обезбедуваше јасна процедува за промена на ознаката за пол. Потоа, во 2021 година, Министерството за правда предложи нов Предлог-закон

4 Извлечено од теоријата на Стенли Коен, кој забележува пет клучни фази на развој на моралната паника.

5 *Нацрт-верзија на Концепцијата за основно образование,* Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 23 декември 2020.

Достапна на: https://bit.ly/3FbIB07

6 *Предлог-закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование,* Влада на Република Северна Македонија, април 2021.

Достапен на: https://bit.ly/3A9LlaK

7 *Случај на X v. Република Македонија (Жалба број 29683/16) (пресуда),* Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, Стразбур, 17 јануари 2019.

Достапно на: https://bit.ly/3l15yLk

за матична евиденција[8], со што се уредија постапката и условите за правно признавање на родот и Законот беше ставен на дневен ред на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во Собранието. Овие промени, во комбинација со вестите поврзани со образовните реформи, придонесоа ЛГБТИ луѓето и особено трансродовите луѓе да се разгледуваат како група врз која се воспостави посебен интерес, особено во медиумските написи што пренесуваа содржини поврзани со родовиот идентитет ставен наспроти традиционалистичките бинарни политики.

Трет значаен пункт во обликувањето на заканата беше одржувањето на првата и втората по ред Парада на гордоста во Скопје, во јуни 2019 и во јуни 2021 години, со што ЛГБТИ заедницата конечно доби можност да маршира во знак на протест и прослава и храбро да заземе свој дел во јавниот простор. Тоа раздразни многумина кои очекуваа ЛГБТИ луѓето и нивните проблеми да останат скриени во доменот на приватното и ги придвижи претходните настани поврзани со образованието и родовиот идентитет.

Во практика ова значи дека ЛГБТИ заедницата, дел од граѓанското општество и министерката за образование и наука беа јасно прикажани преку симболиката на Сеопфатното сексуално образование[9], правното признавање на родот[10] и Парадата на гордоста, и беа претставени како општествени актери кои се опасни за интересите на мнозинството. Дел од политичарите ја искористија ситуацијата за политички пресметки и зајакнување на својата конзервативна позиција пред своето членство, а дел дадоа фигуративна поддршка со физичко присуство на одреден настан и кратка изјава. Религиозните претставници повикуваа на осуда и покајување, а оние кои уживаат (дискутабилен) авторитет се јавија како „умни гласови“ манипулирајќи ја јавноста преку злоупотреба на својата општествена позиција. Сите тие апелираа на одредена акција, го дијагностицираа проблемот и даваа свои „решенија“. Темите позитивно ја застапуваа единствено претставници од граѓанското општество кои работат во областа на човековите права, ЛГБТИ поединци и многу мал број на новинар(к)и. На крај, одреден дел на засегнати граѓани се мобилизираа на социјалните медиуми и во јавниот простор, организираа протести, ширеа лажни вести, создаваа притисок кај носителите на одлуки, попречуваа

8 *Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција,* Министерство за правда на Република Северна Македонија, 5 мај 2021 (последна изменета верзија)

Достапен на: https://bit.ly/39ZOQWv

*Променета ознаката за пол на лицето Икс: Напредок во постапката за правно признавање на родот, неопходна е измена на Законот за матична евиденција,* Коалиција МАРГИНИ, 26 октомври 2020.

Достапно на: https://bit.ly/3uxHNOj

9 Понатаму во текстот: ССО.

10 Понатаму во текстот: ППР.

долгоочекувани законски измени и повикуваа на исклучување на ЛГБТИ луѓето и на нивно дополнително маргинализирање.

Преплетот на сите политички околности поттикна појава на морална паника, а тоа е клучен елемент на антиродовите движења што нанесуваат огромна штета врз состојбите со човековите права и репрезентацијата на ЛГБТИ луѓето во секое општество. Брановите на морална паника претставуваат голема опасност, бидејќи повиците на акција за сузбивање на заканата ја користат нееднаквоста како основен принцип за воспоставување на контрола. Всушност, кршењето на основните човекови права и слободи во овие услови станува морално оправдано во очите на јавноста која повикува на итно решение (Hall 1982, 7).

## 5.2. УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА МОРАЛНАТА ПАНИКА

Медиумите имаат главна улога во создавањето на моралната паника, дури и кога не учествуваат активно и механички ги презентираат фактите, соопштенијата, реакциите, честопати целосно преземајќи ги објавите и коментарите од јавните профили на социјалните мрежи. Дури и кога релевантните написи се временски дистанцирани и се среќаваат во различни медиуми, штом ќе влезат во медиумскиот дискурс, тие неизбежно учествуваат во пишувањето на приказната која ја портретира заканата и стануваат дел од моралната паника. Сите текстови, надополнувајќи се, ја предизвикуваат т.н. „спирала на преувеличување на ‘девијантното’ (*deviant amplification spiral*) и имаат *ефект на снежна топка* која прераснува во лавина“ (Cohen 2011, 11). Тоа во пракса резултира со „медиумски хајп“, или зголемување на бројот на медиумски известувања за заканувачкото однесување.

Без разлика дали е „објектот на паниката нов или необичен, или е нешто што постоело долго, но наеднаш се прикажало во нова светлина“ (Cohen 2011, 1), на медиумите им оди во прилог „да го потенцираат новитетот на настанот“ (Hall 1982, 6) и да реактуализираат одредена состојба во нова варијанта или сој. Тоа повлекува поголем опсег на видливост на приказната и честопати изискува реакција со предизвикување на страв кај јавноста. Затоа, медиумите не ги пренесуваат сите настани, туку ги селектираат оние кои мислат дека се вредни за внимание и можат да го задржат интересот на јавноста. Во врска со ова, Стјуард Хол забележал дека почетоците на моралната паника можеме да ги видиме „кога репрезентациите во медиумите генерално потенцираат ненадеен и драматичен раст (на бројките на вмешаните или на настаните) кој го надминува она што трезвената, реална проценка би можела да го содржи“ (Hall 1982, 16).

Според Хол, медиумското врамување на настаните кое осветлува само одредени аспекти од состојбата има за цел да создаде сензационална приказна, која шокира преку искривување

на фактите и наведување дека станува збор за нова појава, за нов тип на наметнат криминал. Во медиумите се прават паралели со соседството и се проектираат заканувачки пророштва, по што се воведува уверувањето дека заканата не произлегува оттука и кога-тогаш ќе дојде и овде, само побавно и подоцна. Така, во антиципација на „лекциите од странство“, следуваат низа одговори за навремено спречување на овдешниот проблем (Hall 1982, 25).

Имајќи го предвид сето ова, во оваа анализа на случај дефинитивно може да тврдиме дека моралната паника во потесната средина која се испитува, ги адресира различните сексуални ориентации, меѓу другото, како нешто ново, увезено, несвојствено и неприродно за нашата средина.

## 5.3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЗАКАНАТА

Главно, медиумските наративи кои ги опфаќаат ЛГБТИ темите преку гореспоменатите симболички репрезентации (Сеопфатно сексуално образование, правно признавање на родот и Парадата на гордоста), ја портретираат заканата како појава на: (1) рана детска сексуализација, индоктринација на деца и нивно претворање во лесен плен на педофилијата; (2) одземање на родителскиот идентитет и рушење на семејните вредности; (3) промоција на антиживотен тоталитаризам и празен културен есенцијализам кој носи кон пропаст на светот и загрозување на конзервативниот морал; (4) омаловажување на историјата и на националната припадност, ставање на проклетство врз државата, тргување со ликот и делото на нашите просветители, „либерофашистичко и инквизициско“ културно поништување; и (5) повикување на темната страна на човекот водена од демонскиот дух или ѓаволот.

Повеќето од овие прикази на заканата имаат апокалиптичен карактер и се диференцираат како драматични изјави на поединци, чии приказни во медиумите се пренесуваат како репрезентативни примери, иако се засноваат врз лично искуство, се потпираат врз генерализација и користат непроверени факти. Во корпусот на текстови кои беа дел од ширењето на моралната паника особено се појавува проблем околу авторството, што значи дека новинарите и уредниците избегнуваат да се потпишуваат кога пишуваат или пренесуваат одреден коментар или вест, што не ги прави помалку одговорни за содржината која ја пренесуваат. Дури и кога не стојат лично под текстовите, тие ја застапуваат нивната проблематика со голиот факт дека го преземаат и објавуваат јавно напишаното – тие се стекнуваат со ист статус како и авторите кои ги пишуваат. Во таквите текстови дефинирањето на заканите во јавноста произлегува од страна на мистифициран субјект кој не кажува ништо за себе, но има став за другите.

Исто така, честопати изгледа како заканата да ја напаѓа јавноста од повеќе фронтови. Дури и во поединечните текстови авторите не се фокусираат на една карактеристика на заканата, туку на повеќе. Тоа колебање во дефинирањето е честа тактика за одвлекување на вниманието на јавноста од потребата за борба против вистинските хегемонии. Написите вообичаено почнуваат со една од заканите, а потоа ги воведуваат другите, правејќи градација со цел да предизвикаат страв кај читателската публика. Во однос на формулирањето на заканата, во највпечатливите колумни, интервјуа, преземени објави и соопштенија, медиумите, односно уредниците и новинарите, пасивно ги пренесуваат ставовите, ретко се дистанцираат од напишаното и не даваат свој критички коментар.

На почетокот заканата е врзана исклучиво за ССО и е насочена кон децата. Тие се препознаени како немоќни учесници во општеството и тоа допира деликатен нерв во свеста на граѓаните. На почетокот заканата е дефинирана доволно прецизно за да се отвори дискусија за неа, но не во толкава мера за не дозволи влез на други антиродови дискурси кои ќе ја продлабочат.

Прво, во текстовите се користат синтагми кои алудираат дека ССО директно ќе се одрази врз физичкото и психичкото здравје на децата. Во текстот *По(а)рно сексуално образование* од Венко Андоновски, на пример, се вели дека „...ССО се користи, преку грбот на децата, да се реши проблемот со општественото прифаќање (па дури и ВИП-вреднување) на хомосексуалноста“[11], но и дека ССО ќе предизвика „малолетничка траума“. Во овој текст тој „кришум“ прави степенување на заканата. Прво ја опишува како катастрофа која се наближува, по што, за да предизвика поголем ефект на страв кај граѓаните, додава дека „на децата повеќе од сексуално ќе им треба сеопфатно психијатриско, превентивно образование“[12].

За да се засили чувството на паника, во медиумите се среќава и друга логика, според која ССО претставува обид за „сексуален експеримент врз децата“, кои се перципираат како најлесни субјекти за манипулација:

> „Децата треба прво емотивно да созреат, а потоа ќе можат пообјективно да ги усвојат различностите во сексуалноста. Да се разговара со деца за секс додека тие сè уште се емоционално незрели многу личи на индоктринација и јас сум силно против тоа. (...) Да, за сексуално образование, да, за изучување на сите појави во општеството поврзани со сексуалноста, но на возраст кога децата се доволно зрели да го примат тоа со сета сериозност, што според мене би била возраста кога почнува пубертетот.“ (Башеска Симонова, В., *Ги учиме децата дека сексот е круна на една љубов, а не супермаркет,* „Мајка и дете“, 4 февруари 2021)

11 Андоновски, В., *По(а)рно сексуално образование.* „Нова Македонија“, 26 јануари 2021.

12 *Ibid.*

Заканата е некогаш формулирана на тој начин што веќе ги содржи последиците од кои нема враќање назад. Одредени текстови пренесуваат порака дека децата кои ќе изучуваат ССО ќе станат „лесни пленови за педофилите“, што јасно упатува на тоа дека авторите не ја разбрале суштината на сексуалното образование:

> „Според СЗО децата од 4 до 6 години треба да изучуваат за пријателствата и љубовта со луѓе од ист пол, изразувањето на сексуалноста да ја поистоветат со изразувањето на љубов. Сето ова за мене како родител е неприфатливо. Не само што е неприфатливо, туку е и штетно за психичкиот развој на децата и ќе ги направи поподложни на манипулации од сексуални предатори кои отсекогаш биле меѓу нас. Дете индоктринирано да верува дека сексуалноста е израз на љубов е многу лесен плен за педофилите, тоа на сите треба да ни биде јасно.“ (Башеска Симонова, В., *Ги учиме децата дека сексот е круна на една љубов, а не супермаркет,* „Мајка и дете“, 4 февруари 2021)

Понатаму, заканата се гледа во релација со другите целни групи, од кои втора „најпогодена“ се родителите. Тие се дефинираат себеси како „јавно линчувани во медиумите бидејќи покажуваат сомнеж“[13] кон новата образовна концепција и уште веднаш се позиционираат како жртви кои стравуваат од смалувањето на нивниот авторитет и моќ да носат одлуки за своите деца. Во таа смисла, тие се поставуваат како апсолутни владетели на децата, смалувајќи го значењето на образованието надвор од домот. Во ваквите наративи се манипулира со идејата дека „воспитувањето на децата сепак почнува во домот и истото не би требало да е во спротивност со она што децата подоцна ќе го учат на училиште“[14], за да се наметне идејата дека родителите се оние кои имаат овластено и неограничено право да диктираат што ќе учат децата и надвор од домашното опкружување.

Авторите на одредени текстови искажуваат замислен страв од т.н. губење на своето родителско право, како во текстот на Ивица Боцевски, каде тој параноично вели дека „нова идеологија на ‘разбуденост’“ [го навредува лично и му одзема дел од идентитетот]:[15]

> „Јас сум татко, горд сум што сум татко на едно дете и сакам така да ме нарекуваат институциите. Немам никаков проблем доколку некој себеси сака да се самоопредели само како ‘родител’ или како ‘родител х’, но не ми го одземајте правото да бидам татко. Лудиот, пак, аргумент дека зборовите ‘татко’ и ‘мајка’ некого навредуваат, па мора да ги бришеме од употреба се вон секој

13 Башеска Симонова, В., *Ги учиме децата дека сексот е круна на една љубов, а не супермаркет,* „Мајка и дете“, 4 февруари 2021.

14 *Ibid.*

15 Боцевски, И., *Сакам да сум татко, а не ‘родител х’,* „Фактор“, 11 мај 2021.

здрав разум и немам ни намера да влегувам со разно-разни будалетинки во расправии на таа тема.“ (*Ивица Боцевски: Сакам да сум татко, а не „родител х“*, „Фактор“, 11 мај 2021)

Ова е нагласено преку ефектот на умножување на жртвите или, во случајов, претпоставеното мнозинство на родители на кои им е одземено правото на родителство. На тој начин, аргументот се базира врз создавањето лажна претстава за веќе организирана „армија луѓе“ која дели исто мислење и е подготвена да се спротивстави на сè што е спротивно на домашната едукација, ставајќи ги сите родители во ист кош. Така, дури и кога во реалноста некое прашање не е сè уште актуелно, преку наративот кој се гради врз одреден претпоставен квантитет, настанува мобилизација на јавноста, која чувствува дека треба да се поистовети со просечниот родител или со „народот“:

„...99% проценти од граѓаните, од родителите во Македонија се спротивставуваат на либерал-родовиот/ џендеровскиот пристап во воспитувањето на ТУЃИ ДЕЦА! Тие, предлагачите, своите деца, доколку ги имаат, нека си ги воспитуваат според својот модел и во своите вредности, а ние нашите деца ќе си ги воспитуваме во нашиот модел и во нашите вредности!“ (*Отец Тодоров: Сексуалноста е интима, не идеолошка алатка, ЛГБТ идеологијата нов антиживотен тоталитаризам,* „Булевар“, 10 јуни 2021)

„...дајте им избор на родителите. Тие нека решат како сакаат да се образуваат нивните деца. Вие изгледа заборавате дека РАБОТИТЕ за доброто на граѓаните и во ИМЕТО на граѓаните а не сте ШЕФ кој наредува во некоја конфекција па сите МОРА да ви одат по гајдата. Изгледа не разбирате дека ќе МОРАТЕ да си дадете ОСТАВКА ако одите против желбата и доброто на грото граѓани во државата.“ (Најдоска Величкова, Е., *Министерке Царовска: Модернизација, штедење на хартија или нешто трето недозволиво?,* „Трибуна“, 26 април 2021)

Секако, потоа заканата ескалира. Опасноста се перципира како движечка. Штом ги засега и децата и родителите, Сеопфатното сексуално образование се сфаќа како закана и за семејните вредности и за тесниот и конзервативен концепт за семејството, и како „причина за пропаст на цивилизациите“. Оттука па натаму, заканата е веќе сфатена како „заразна“ и авторите преминуваат во апсолутен популизам, како што е случај со текстот на Венко Андоновски. Тој ја дополнува констелацијата на можното опасно со дискутабилни извори, цитирајќи антрополози и историчари кои се одамна познати по неетичката употреба на митови и религиски верувања во нивните опуси пред искажувањето на фактички податоци, што е дополнително спорно кога станува збор (1) за автор кој ужива одреден професорски авторитет, а се служи со непроверени факти и (2) за текст кој е слепо пренесен од страна на медиумите без да се провери релевантноста и точноста на изворите.

„Многумина поумни пред мене укажувале дека расцепувањето на еротското и извлекувањето на страста од љубовта (така децата јадат торта – само шлагот) е знак на празен културен ‘есенцијализам’, кој води кон пропаст на семејството и културите. Арнолд Тојнби тврдеше дека 19 од 24 цивилизации пропаднале морално и однатре, а не воено и однадвор, токму поради ‘издвоениот шлаг’.“ (Андоновски, В., *По(а)рно сексуално образование,* „Нова Македонија“, 26.01.2021)

„За издвојувањето на сексуалното ‘задоволство’ од љубовта, како причина за пропаст на цивилизациите се говори од британскиот антрополог Џозеф Анвин (‘Сексот и културата’, 1934) наваму. Неговото истражување, од кое тој очекуваше да ги потврди фројдистичките тези за пропаст на културите поради сексуално воздржување (што раѓа фрустрации), го покажа спротивното: сексолибералните култури пропаѓаат во рок од три генерации, моногамните остануваат.“ (Андоновски, В., *По(а)рно сексуално образование,* „Нова Македонија“, 26.01.2021)

Колумната *По(а)рно сексуално образование* не случајно може да се чита во корелација со текстот *Сексуалноста е интима, не идеолошка алатка, ЛГБТ идеологијата нов антиживотен тоталитаризам* од отец Тодоров, чија реторика е иста. Заканата, освен што е сфатена како удар врз семејните и традиционалните вредности, е разбрана и како антиживотна идеологија. Тодоров оди дотаму што вели дека поради неговата професија како свештено лице – има увид во потсвеста на луѓето, каде тој забележал активација на „одбранбен, имунолошки одговор кај граѓаните против ЛГБИ идеологијата“, дефинирајќи ја заканата како „вирус“ на кои луѓето имунолошки реагираат:

„Зошто некои идеологии се антиживотни, а се смртољубиви? Кај огромен процент граѓани на Р. Македонија веќе подолго време е активиран одбранбениот, имунолошкиот систем во однос на нештата што во нашиот јавен простор ни доаѓаат од LGBTIQ идеологијата и пропагандата! (...) Јас како свештенослужител, духовен раководител и исповедник имам можност да стекнам увид и во свесните и во потсвесните нивоа на нашите сограѓани. И секогаш кога се отвора оваа тема од нив избива одбранбен став, внимателност, страв, гнев и разни други артикулирани и неартикулирани емоции. Внимавајте, емоции! Зошто? Затоа што се работи за најсуштинското, се работи за животот, за вредностите и верата, за поколенијата, за менталната здравост, за одговорниот животоосмислувачки морал, за опстанокот, за проблемот со совеста која се буни!“ (*Отец Тодоров: Сексуалноста е интима, не идеолошка алатка, ЛГБТ идеологијата нов антиживотен тоталитаризам,* „Булевар“, 10 јуни 2021)

Заканата се одразува и на културолошко-историски план, како во колумната *Македонија меѓу реалноста и сервилноста*[16] на Страшо Ангеловски, каде се дефинира како „инквизициска активност“ за „културно поништување“. Овој крајно десно ориентиран дискурс повторно оди рака подрака со исказите на религиските претставници, кои се јавуваат како морализатори и драматични предупредувачи. Тие го потпираат своето образложување врз неколку компоненти на очекуваната закана како да ги најавуваат четирите јавачи на апокалипсата – загрозувањето на нацијата, бришењето на културата, менувањето на историјата и расипувањето на младите:

> „’Апсурдни се најавените реформи во образованието, се омаловажува нашата историја, се тргува со ликот и делото на нашите просветители, а со сексуалното образование се поттикнува разврат кај младите под палката на ЛГБТ заедницата.’ (...) ’Во таканаречените реформи во образованието се става акцент на иднината, а истовремено се омаловажува минатото, историјата. (...)’ Митрополитот се осврнува и на воведувањето на сексуално образование, каде според него се крие индоктринизација на младите под палките на ЛГБТ заедницата. (...) ‘...со оглед на тоа, дека под изговорот (маската) на сексуална едукација, понатаму, ќе се крие индоктринизација на младите, под палките на ЛГБТ заедницата, тогаш со тоа сексуално образование на младите ќе им се отворат вратите кон развратот, кон разни психички растројства и хаосни состојби, со тоа што противприродните односи на хомосексуалците, лезбејките и сите перверзни типови, ќе се третираат како природни, а изопаченоста како нормалност’, стои во посланието.“ (*Владиката Петар: Со јогата се поддржува квази религија, а со сексуалното образование се поттикнува разврат кај младите,* „Прес 24“, 1 јуни 2021)

И последно, во одбрана на семејните вредности, државата и нацијата, се појавуваат и политичарите кои, како што видовме во Поглавјето 3, секција 3.1.3. од оваа анализа, ги користат ЛГБТ луѓето како дискурзивно оружје за политички и партиски пресметки. Освен тоа, тие ја употребуваат секоја прилика за да го зајакнат својот профил во јавноста и пред своето членство, како конзервативни или етнички ориентирани партии кои активно агитираат против заканата од лични интереси:

> „...пратеникот од Алијансата Сурија Рашиди во својата мини – колумна, објавена во весникот ‘Лајм’, вели: ‘Насилно се наметнува пропаганда неприфатлива за апсолутното мнозинство за населението. Се наметнуваат вредности спротивни на традиционалното албанско семејство, на етичкиот код на Албанците, но и за целото население.’“ (*И Алијанса ја нападна „Парадата на гордоста“, само ДУИ не се изјасни,* „Експрес“, 26 јуни 2021)

16 Ангеловски, С., *Колумна на Анѓеловски: Македонија меѓу реалноста и сервилноста,* „Денешен“, 24 април 2021.

„‘ЛГБТ идеологијата извира од темната страна на човекот и е водена од демонскиот дух, оттука е грев во очите на Бога и ништо надвор од тоа. Татко на гордоста е ѓаволот лично и со тоа нема компромис. (...) Со ИНТЕГРА такви ќе останеме и за навек, оти изборот е помеѓу благослов или проклетство. Надвор од овој избор е сива зона и сè помеѓу е повторно демонско опкружение и проклетство за нацијата и државата’ стои во реакцијата на ИНТЕГРА.“ (*Интегра ја осуди Парадата на гордоста*, „ТЕРА“, 28 јуни 2021)

## 5.4. ИМЕНУВАЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛОТ

Во дискурсите на морална паника, карактеристиките што ѝ се припишуваат на ЛГБТИ заедницата во повеќето од случаите ја дефинираат како главен непријател и тие можат да се поделат во неколку групи. ЛГБТИ луѓето се именуваат како: (1) тоталитаристи, либерофашисти и инквизитори; (2) ревизионисти, пропагатори, морализатори и фундаменталисти; (3) слуги на Западот, нови или увезени; (4) инфилтратори во власта, скриени меѓу политичарите и со задни агенди, корумпирани, но и поткупувачи; (5) елитисти, привилегирани, недискриминирани, несолидарни, богаташи, но и крадци; (6) провокатори, манипулатори, развратници, наметливи и дрски; (7) луди, неприродни, деца на ѓаволот, духовно и интелектуално нереализирани; и (8) заедница на луѓе зад чија фасада се провлекуваат „фрикови со различни сексуални пореметувања“.

Во обработените наративи кои учествуваат во подгорувањето на динамиката на моралната паника, за ЛГБТИ се спомнуваат и епитети како: (8) брилијантни, доблесни и креативни; но тоа е секојпат во исклучувачка, првично бета-агресивна, релација во која авторите се правдаат дека не се хомофоби бидејќи имаат пријатели хомосексуалци или немаат ништо против ЛГБТИ, но сметаат дека тие не треба да сакаат да бидат родители и да имаат деца, да се бакнуваат јавно, да „парадираат“ итн.

Медиумските написи честопати ја гледаат ЛГБТИ заедницата како непријател уште во насловите, преку што уште веднаш ја врамуваат приказната. Впрочем, одредени медиуми честопати ја заобиколуваат шансата професионално да ги пренесат и така ретките прикази на лица претставници на ЛГБТИ заедницата и злоупотребуваат дел од нивните искази за да ја врамат приказната како сензационалистичка и да го зајакнат нивниот статус на предизвикувачи на заканата. Таков е, на пример, текстот со наслов *ЛЕЗБЕЈКО, КАКО НЕ ТИ Е СРАМ, ТИ ТРЕБА ДА СЕ ЛЕЧИШ – две девојки зборуваат за стигмата поради сексуалната определба*, објавен на порталот „Фактор“[17].

17 *ЛЕЗБЕЈКО, КАКО НЕ ТИ Е СРАМ, ТИ ТРЕБА ДА СЕ ЛЕЧИШ – две девојки зборуваат за стигмата поради сексуалната определба*, „Фактор“, 27 јуни 2021.
Достапно на: https://bit.ly/3A9gZF4

Другпат, тие знаат да користат хумор и сатира, како во рубриката „АХА!“ на „Фронтлајн“ и текстот *Стотици заразени од вирусот „хомосексуализам“ после Парадата на гордоста*[18], што во склоп на поширокота слика воопшто не оди во корист на ЛГБТИ заедницата. Овој наслов не само што не е досетлив туку користи и беден избор на зборови, со оглед на тоа дека синтагмата „хомосексуален вирус“, по појавата на ХИВ-вирусот во осумдесеттите години од минатиот век, се користела со цел дискриминација на ЛГБТИ луѓето во име на заштитата на „семејството“ и традиционалните вредности. Двете споменати медиумски објави имаат подведувачки наслови кои ја засенуваат целокупна содржина и пренесувањето позитивни пораки и свесно манипулираат со личните приказни и приказите на ЛГБТИ луѓето.

Текстовите кои јасно нудат дефиниција за противникот главно се служат со популистички јазик, и дел од нив веќе се споменаа и се објаснија во Поглавјето 3, секција 3.1.2., од оваа студија. Така, на пример, во многу од објавите поединци се етикетирани како штетни и омразени само затоа што припаѓаат на помала група на граѓани. Тука станува збор за борба меѓу „ние“ и „другите“, односно за создавање на „позиција ‘ние’, која може да постои само преку демаркација на ‘тие’“ (Муф 2016). Тоа е особено присутно во религиски обоените дискурси, каде ЛГБТИ луѓето се претставени како еден мал процент на граѓани кои одат наспроти верувањата и религијата на мнозинството, кое го сочинуваат христијани и муслимани. Сакајќи да се прикажат како великодушни, од позиција на надмоќ и надменост, тие манипулираат со јавноста. Тоа е присутно во текстот на отец Тодоров, кој во својата изјава прво ја дефинира ЛГБТИ заедницата како непријател, а потоа ѝ нуди искупување преку религијата, јасно делејќи ги и самите ЛГБТИ луѓе на „добри“, или оние кои ќе се покајат, и „лоши“ – оние кои нема да се променат:

> „Почитувани, би било неодговорно од моја страна да не проговорам и за проблемите и искушенијата со кои се соочуваат и нашите сограѓани со различна сексуална ориентација. Како духовен раководител, како човек, самиот сум сведок на многу нешта од животот на овие наши сограѓани кои тие ги споделија со мене. Некои од нив прифаќајќи го и практикувајќи го христијанскиот духовен живот започна сериозни промени во себе и со себе, но, за жал, добар процент од нив остануваат во нивното секојдневие во кое преку контакт со државните институции се трудат да остварат некаков дефиниран статус во нашето општество.“ (*Отец Тодоров: Сексуалноста е интима, не идеолошка алатка, ЛГБТ идеологијата нов антиживотен тоталитаризам,* „Булевар“, 10 јуни 2021)

18 *Рибаро, Стотици заразени од вирусот ‘хомосексуализам’ после Парадата на гордоста,* „Фронтлајн“, 30 јуни 2021.
Достапно на: https://bit.ly/3isxMwZ

Авторите на медиумските објави искажуваат недоверба во властите, ја посочуваат нетранспарентноста на институциите, а ЛГБТИ заедницата ја гледаат како инфилтрирана во власта. Од една страна, таа е изедначена со елитите и со политичарите (во кои обичниот човек нема доверба) и тоа е типично популистичка димензија на верување дека „мислењето на мнозинството луѓе е контролирано од некое елитистичко малцинство“ (Canovan 1981). Од друга страна, пак, политичарите се апстрахираат од какво било изедначување со ЛГБТИ, затоа што јавноста која го диктира описот на непријателот очекува: (1) тие да не се хомосексуалци и (2) да не ја прифаќаат хомосексуалноста. Етикетирањето на политичари како ЛГБТИ најчесто се користи за да се наруши нивниот интегритет. Во релацијата со политичарите, ЛГБТИ луѓето се перципираат како „кртици“ кои го црпат државниот буџет и ги искористуваат парите на граѓаните за неполезни интервенции, што сериозно влијае врз нарушување на здравствените права на трансродовите луѓе:

> „Ајмо, силикони за гради и задник на товар на државата, још мало – па нестало! Ова ли е следниот ’промуќурен’ проект на Зоки и Венко? Чуму да не, па ко што тргнала работава и колагенчето за уста ќе им го плаќаме на засегнатите граѓани и граѓанки, зошто да не и ботоксот, а? Само и само за да се чувствуваат убавко, да излезат од депресија пуштите.“ (Љупчо Цветановски, *Македонија гори, баба мења пол,* „Курир“, 11 јануари 2021)

Ова е засилено со ставот дека ЛГБТИ заедницата е богата, агресивна и корумпирана фела која наметнува содржини, краде и се збогатува од „разбивање на јавниот морал и заедницата“[19]. За да се укотви оваа улога, таа се поставува споредбено со потребите на другите луѓе на кои им треба финансиска помош, со што се кажува дека ЛГБТИ луѓето не само што имаат доволно пари за живот за себе туку имаат и за да ги спасат другите:

> „Стварно кој ве финансира за ова и колку? Дајте некој денар за помош на болните, со таков чин ‘протест, прослава’ луѓето многу ќе ве сакаат. Ама вас ви е важен само вашиот газ нели? За разлика од вас, ние еве се секираме за вас, па сѐ ви дозволивме. За разлика од вас, ние ве гледаме како луѓе. Ама пусто модерно... Што е следно? Протест и субвенции и вазелин и страп он? Или може протест за бесплатни операции за СЕЧЕЊЕ на мандалото?“ (Најдоска Величкова, Е., *Простете ГЕЈ другари, не е до хормоните, до логиката е!,* „Трибуна“, 26 јуни 2021)

19 *Сашо Тасевски: Има ли новинари кои ќе имаат храброст да го истражат ова и јавно да го објават*, „Доказ М“, 8 јуни 2021.

Достапно на: https://bit.ly/3oChPYT

Наспроти оваа призма, друг момент во создавањето на непријателот е неговото постранчување или отуѓување. Иако авторите се повеќе од свесни дека ЛГБТИ не е ништо ново или наметнато, многу полесно е да го вперат прстот во непријателот откако ќе го етикетираат како странец. Најголем проблем, а и најсуштествен за моралната паника, е именувањето на сè со кое авторите не се согласуваат како ново, наметнато или увезено однадвор. Тврдењето дека нешто инхерентно не припаѓа овде, го става „непријателот“ во позиција на некој кој има транзитна природа, го прави бегалец и неграѓанин, а конфликтот со тоа добива националистичка димензија:

> „Бирото за развој на образование како орган во состав на Министерството за образование, пред два дена ги објави новите наставни програми што ги донесе министерството на предлог на Бирото, се вели во соопштението од Единствена Македонија. (...) Со овие наставни програми Зоран Заев започнува со завршниот удар за бришење на Македонците и злосторството врз учениците. (...) ...во рамките на новиот интеркултурализам, наставниците ќе ги учат децата од најмали за родова рамноправност каде се бришат разлики за машко/женско, мајка/татко… дека педери и лезбејки и заедница на посвоени деца со двајца татковци и две мајки како ‘брачен пар’ е нормална работа. Марионетската власт во Скопје и Зоран Заев го губат компасот. Добра работа е што крајот им се ближи. Ова лудило мора да престане. Единствена Македонија ветува дека сите овие налудничави програми ќе бидат поништени.“ (*Единствена Македонија: Заев го започнува завршниот удар за бришење на Македонците и злосторството врз македонските ученици*, „Скопје 1“, 25 мај 2021)

Во Поглавјето 3, секција 3.1.2., се опфати и хиерархизирањето на темите за еднаквоста меѓу ЛГБТИ и останатите групи на луѓе, па овде е важно само да се нагласи дека во компарирањето на маргинализираноста на другите се предизвикува зголемување на антагонизмот во јавноста кон ЛГБТИ луѓето. Тие се прикажани како несензитивни за другите поважни проблеми (во здравството, криминалот, правниот систем, иселувањето, социјалната заштита и сл.), провокатори и привлекувачи на внимание, кои веќе ги имаат стекнато сите права и бараат повеќе од останатите. Низ ова видно поле, ЛГБТИ луѓето од туѓинци/новодојденци повторно се гледаат во групата на привилегираните и повторно се јавува контрадикторност во поимањето на непријателот од страна на јавноста, која оди во прилог на создавањето паниката.

> „Денеска и јас протестирам, бидејќи вие не сте со ништо скратени во нашата држава. СÈ ви е дадено како и на сите граѓани! Денеска и јас протестирам зошто ви е дозволено да се запишувате на факултет. Денеска и јас протестирам зошто имате здравствено осигурување. (...) Денеска и јас протестирам зошто не ви е забрането да се кандидирате за политичка функција.

(...) Денеска и јас протестирам бидејќи ве гледам низ град како си разменувате лигави бакнежи пред цел свет и никој ништо не ви вика за тоа. Денеска и јас протестирам на вашиот протест и парада зошто е бесмислена.“ (Најдоска Величкова, Е., *Простете ГЕЈ другари, не е до хормоните, до логиката е!*, „Трибуна“, 26 јуни 2021)

Освен тоа, во одредени текстови, каде автор(к)ите велат дека не се хомофобични, а веднаш потоа искажуваат хомофобични ставови, се среќава јасно дефинирање на дозволената траекторија, на начините на движење и постоење на ЛГБТИ луѓето во рамки на овдешното општество. Во овие наративи се прави разликување меѓу: „нормалните“ и „добрите“ хомосексуалци, наспроти „ненормалните“ и „лошите“ хомосексуалци. Низ оваа споредба се јавува дефиција за „прифатливо однесување на непријателите“, кое подразбира останување невидлив во јавноста и неприсутен во образованието и историјата. Оние, пак, чие однесување е видено како неприфатливо, се видени како „грешници кои си го заслужиле гневот и казната“ кои сами си ги привлекле:

„Немам ништо против хомосексуалци, ама имам против паради и секој друг тип на јавно прикажување на сексуалноста како критериум за разликување со другите. Не ми е јасна потребата луѓето да ја манифестираат својата различност преку сексуалниот идентитет и имаат потреба да ја пренагласуваат сексуалноста. Слободно искажување на сексуалноста значи и поголема слобода, но зошто сите мора да знаат што вие правите во своите четири ѕида? Постои право на јавен настап и право на говор, но постои и право на ПРИВАТНОСТ.“ (Магдалена Стојмановиќ, *Немам ништо против хомосексуалци, имам против паради!*, „Мој збор“, 27 јуни 2021)

„’Ние немаме против ЛГБТ заедницата, но имаме против тоа да се пропагира во образованието. Нема да дозволиме децата да учат за можноста да го бираат нивниот род, тоа е црвената линија позади која мора родителите да застанат’, вели Гоџо.“ (Елизабета Дамјаноска-Спасеновска, *„Од нас за нас“ организира предавање за наставници и родители, против сексуално образование,* „Слободен печат“, 23 јуни 2021)

„Од парадите на ‘гордоста’ Оскар Вајлд би се посрамил! Како голем интелектуалец и нормален хомосексуалец (оти и кај нив, како и кај стрејт луѓето има нормални и ненормални) не ја криел својата сексуална ориентација, шармантно и на своја сметка знаел да се пошегува. Кога го прашале на граница што има да пријави, им одговорил: ‘ништо, освен себе и својата хомосексуалност’. Генијалец, со визија за хумано општество и солидаризација со различни од себе.“ (Алексиќ, Т., *Љубовта е љубов*, „Популарно“, 26 јуни 2021)

## 5.5. ПОВИЦИ ЗА АКЦИЈА

Во третиот дел од оваа анализа можеме да си дозволиме јасно да ги поделиме повиците за акција, кои содржат дијагноза и решение. Во оваа четврта фаза од развојот на моралната паника се среќаваат два проблема во однос на кои има конкретни предлози за нивно спречување: ССО и Парадите на гордоста.

### I.

Прво, во однос на ССО, може да се забележи тенденција за генерациско споредување. Во медиумските написи ССО се претставува како излишен предмет, затоа што авторите ударно велат дека нивната генерација живеела во функционално општество, наспроти она кое допрва доаѓа. Фокусот овде е ставен на новото кое го нарушува старото, без да се воочат недостатоците на статус квото. Моменталната состојба на образованието се идеализира за да се вкалапи во одредена аргументација, која на моменти заличува на себепофалба. Особено на мажите им е значајно да потенцираат дека тие отсекогаш ги знаеле своите сексуални преференции, имале секс, направиле деца и успеале да изградат семејства. Овие коментари најчесто содржат и натуралистички искази во кои велат дека природата е онаа „која ќе си го најде патот“ и „ќе се погрижи за децата“ и ја пренасочуваат и префрлаат одговорноста за решавање на (не)едукацијата на децата и младите во врска во рацете на одредени невидливи сили:

„Формално, мојата генерација е сексуално необразована. Самоуки сме. Па, сепак се оженивме и добивме деца. Нашите внуци ќе бидат сексуално образовани. Да видиме дали ќе бидат посреќни. Моето мислење е: во овој морално болен свет, кој ја брише границата меѓу природното и неприродното, да му дадеш на своето дете од најмали нозе погрешно, општествено организирано сексуално образование, пред да му дадеш стабилно емотивно и духовно образование, значи да му дозволиш да седне на буре барут и да запали томпус.“ (Андоновски, В., *По(а)рно сексуално образование*, „Нова Македонија“, 26.01.2021)

„’Нашата генерација сама дозна кој што е и кој какви сексуални преференции има, додава Панговски, ниту нè учеа на школо ниту ни кажуваа дека Љубовта е Љубов. Едноставно, природата си го најде патот. И ако оние кои сакаат да прават експерименти со моето и твоето дете велат дека хомосексуалец се раѓа а не се станува, оставете нека се родат онолку хомосексуалци колку што хромозомите и ДНК-та ќе одредат, зошто ако хомосексуалноста не може да се ‘научи’, чуму часови по неа??? Или сепак се учи?’, прашува тој.“ (*Панговски: Ако хомосексуалноста не може да се ’научи’, чуму часови по неа?*, „Република“, 25 јуни 2021)

Второ, во процесот на ширење на невистини и параноја, авторите користат сосема спротивни аргументи, што како практика лежи во срцето на популизмот кој почива врз двосмислености и парадокси. Еднаш тврдат дека децата се „празни табли“ (*Tabula rasa*) и се подложни на менување, поради што не треба да знаат за постоењето на различните сексуални ориентации. Другпат велат дека сексуалноста не е нешто што може да се научи и затоа нема потреба од образование кое вклучува содржини поврзани со сексуалното образование и родот. Таков случај има во текстот на Сашо Пангoвски, кој прво во насловот реторички ја поставува тезата: „Ако хомосексуалноста не може да се ‘научи’, чуму часови по неа?“[20], додека во телото на текстот вели:

> „Државата НЕ СМЕЕ да промовира и рекламира сексуални опции на деца. Тоа се нарекува сексуална индоктринација. Асексуално суштество (какво што е детето во поголемиот дел од периодот кој го викаме малолетност) не смее да биде ставено пред сексуални избори и опции пред да може да осознае самото, што тие значат и претставуваат... (...) Подложување на деца на хомосексуална, хетеросексуална, транссексуална и било каква несексуална пропаганда е злосторство кон човештвото...“ (*Пангoвски: Ако хомосексуалноста не може да се „научи“, чуму часови по неа?,* „Република“, 25 јуни 2021)

Трето, во текстот на Андоновски се вели дека ССО не треба да се изучува бидејќи не нуди ништо ново што веќе не го содржи порнографијата. Ова не само што не е соодветна споредба, туку покажува дека авторот нема основни познавања за пилот-програмата на ССО, но е спремен да зборува за нејзините цели. Тој го споредува сексуалното образование со порнографијата, за притоа да „протне“ неколку нелегални категории на сексуално однесување за кои како да алудира дека преку новата образовна концепција би се нормализирале:

> „Затоа, ССО сепак ќе развива страсти: ќе се занимаваат со сексот издвоен од љубовта. Јасно велат: ќе се занимаваат со ‘задоволството’. Но такво задоволство издвоено од љубовта може да обезбеди и порнографијата, како и честото менување непознати партнери. (...) Па што ново прави ССО по однос на порнографијата? Секој порно-сајт денес ви покажува најразлични сексуални ориентации: двајца мажи, две девојки, тројки, групен секс, секс со малолетнички, дури и секс со животни. Цела палета ‘диверзитети’ и ‘поинакви ориентации’.“ (Андоновски, В., *По(а)рно сексуално образование,* „Нова Македонија“, 26.01.2021)

20 Пангoвски, С., *Пангoвски: Ако хомосексуалноста не може да се „научи“, чуму часови по неа?.* „Република“, 25 јуни 2021.

Исто така, во анализираните натписи како четврта причина за неизучување на ССО се појавува неприсутноста на духовната компонента во програмата на предметот, преку која љубовата е сфатена како „интима на духот". Како проблематично тука се разбира изучувањето на сексот и сексуалноста издвоено од љубовта, кои авторите ги разбираат како едно исто. Оттука, „здраворазумните луѓе" ја формулираат својата аргументација преку обратна логика. Тие заклучуваат дека затоа што сексот и сексуалноста се врзани за љубовта, а љубовта не е нешто што може да се научи, тогаш воопшто нема потреба од тоа ССО да се изучува формално или да се дискутира јавно:

> „Посебно ни е важно децата да разберат дека сексот е круна на една љубов, а не супермаркет каде можеш да си одбереш сексуална ориентација што ти се чини модерна во тој момент. Зборуваме за тоа зошто сексот без љубов е навреда кон самиот себе." (Башеска Симонова, В., *Ги учиме децата дека сексот е круна на една љубов, а не супермаркет,* „Мајка и дете", 4 февруари 2021)

> „Според мое мислење, две нешта не можат да бидат предмет на наука, па според тоа и на образование: верата и љубовта. (...) Но што дрдорам јас за љубовта? Каква врска имаат љубовта и сексот по експлозијата на порнографијата? ПРИРОДНО е тие две нешта да се поврзани, а денес се НЕПРИРОДНО ('општествено') разделени. (...) Да ги научиме младите дека сексот е круна на љубовта, а не нејзин почеток." (Андоновски, В., *По(а)рно сексуално образование,* „Нова Македонија", 26.01.2021)

Со петтата „дијагноза", ССО се сфаќа како целосно непотребно, затоа што не се децата оние кои треба знаат како да се заштитат и да препознаат вознемирување и насилство, туку родителите. Во ова нелогично заклучување, родителите наеднаш заклучуваат дека грешката е во нивното незнаење и предлагаат тие самите да ги надградат своите знаења за тоа како да ги препознаваат педофилите и манијаците:

> „Свесна сум дека примерите со Јавна соба и српскиот режисер Алексиќ ќе бидат искористени за уште повеќе да се нагласи важноста на раното сексуално образование, но според мене овие девијантни појави не се должат на needуцираноста на нашите деца, туку се должат на постоење на психопати добро вклопени во општеството, ценети и високо позиционирани. (...) Грешката е во нас и сексуалната едукација на нашите деца нема да ја исправи таа грешка. Нас треба да нè едуцираат, како да ги препознаеме овие навидум нормални и ценети индивидуи, нам ни фали знаење." (Башеска Симонова, В., *Ги учиме децата дека сексот е круна на една љубов, а не супермаркет,* „Мајка и дете", 4 февруари 2021)

## II.

<u>За Парадата на гордоста,</u> пак, прва најчеста дијагноза е означувањето на протестната акција како провокација. Во оваа прва категорија, Парадите се гледаат како неприлики кои привлекуваат непотребно внимание и ја црпат туѓата енергија. Тие се прикажани како оружје со кое ЛГБТИ го узурпираат јавниот простор и ѝ се наметнуваат на јавноста. Решението кое се предлага во овие наративи е затворањето на ЛГБТИ луѓето во сферата на приватното и нивно замолчување:

> „Просто е. Не е убаво да се провоцира нели? Правете што сакате, сукњи има и за мажи, шминки исто така. Дилдо има и за жени. Правете како мислите, само не демонстрирајте." (Најдоска Величкова, Е., *Простете ГЕЈ другари, не е до хормоните, до логиката е!,* „Трибуна", 26 јуни 2021)

Второ, во дел од медиумските написи се вели дека парадирањето е непотребно затоа што ЛГБТИ луѓето не се дискриминирани и како решение се повикува на контрапротест (како во примерот од текстот на Елизабета Најдоска Величкова, што беше споменат погоре во овој текст).

Трето, парадите се гледаат како закана за бракот и семејството, поради што се праќаат конкретни барања за спречување на одржување на парадите и на нивно финансирање од државниот буџет (иако парадите што се одржаа во Скопје никогаш не беа финансирани од државни пари) (потсети се на примерите од 3.1.2., А).

Последно, во медиумите се појавува една посебна категорија на дијагностицирање на Парадите како непотребни и неполезни драми без уметничка вредност, а парадирањето се чита како примитивна, нецивилизациска активност. Во доменот на овој тип на наративи парадите се исклучуваат како неполезни за човекот и се дава јасна препорака дека „добриот пат" по кој човек треба да чекори не вклучува „култура на парадирање":

> „Сосема доволни за достоинственост (што би рекле 'прауд') се култура на однесување, должна почит кон легитимноста на правото за различност, интелектуална и духовна реализираност преку општествена одговорност и хуманост. Човек кој твори, создава дела, живее со хуманистичките начела на добар човек, нема потреба од паради без оглед дали е геј или стрејт." (Алексиќ, Т., *Љубовта е љубов,* „Популарно", 26 јуни 2021)

> „Парадата на гордоста не е показател на либералната и демократската зрелост на една држава. Напротив таа го вади сиот примитивизам на 'гордите' кои сакаат да покажат некаква различност и оние кои сакаат да се прикажат како толерантни на различности. (...) Гордите парадирачи не покажаа ниту едно цивилизациско ниво повеќе од хетеросексуален влакнест маж кој носи рамбовка, физички ја малтретира жена му и својата

доминација ја покажува со зголемување на бројот на љубовници.“ (Стојмановиќ, М., *Немам ништо против хомосексуалци, имам против паради!*, „Мој збор“, 27 јуни 2021)

## 5.6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ: ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД МОРАЛНАТА ПАНИКА

Медиумското портретирање учествува во обликувањето на јавното мислење во секој аспект, од поставувањето на тезата во насловот, до употребата на (не)соодветната интерпункција во пренесувањето на директниот говор и изборот на визуелна илустрација. Дури и кога уредниците и новинарите не се согласуваат со ставовите на авторите или се оградуваат од нив, со самото пренесување на информациите тие учествуваат во дискусијата околу моралната паника. Тие (не)свесно придонесуваат кон дополнително искривување на сликите за маргинализираните луѓе во нашето општество. Преку нив, моралната паника директно го загрозува унапредувањето на образованието, човековите права и борбата за недискриминација, критичката мисла и чувството за солидарност со Другиот, кој е еднолично етикетиран како нанесувач на заканата.

Една од последиците од ширењето на морална паника во нашата земја беше стопирањето на образовните реформи. Освен претставници на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, самата Царовска и ретки поединци од граѓанското општество, во активна одбрана на најавените реформи не застанаа ниту истакнатите политичари на функција во сегашната Влада и останатите министерства. Групи на граѓани мобилизирани преку иницијативите „Учебници и настава мора да има“, здружението „Од нас за нас“ и онлајн групи во кои членуваат родители, организираа протести во повеќе градови во земјава. Под капата на несогласувањето со најавената дигитализација во образованието, тие на самите настани пратија пораки за „стопирање на родовата и половата сензитивност и воведувањето на сексуалното образование“.[21] Поради ваквите константи притисоци од страна на јавноста, предложената Концепција за основно образование беше ставена на удар, Предлог-законот за учебници беше повлечен од Собранието, а МОН го одложи и донесувањето на новиот Предлог-закон за средно образование.

Прашањето околу правното признавање на родот, пак, стана особено сензитивно, а јавноста и понатаму останува недоволно сензибилизирана и образована за секојдневните предизвици со кои трансродовите луѓе се соочуваат. Моралната паника придонесе кон парцијално прикажување на нивните проблеми, а Предлог-законот за матична евиденција, кој требаше да им

21 *Протести во повеќе градови низ земјава, се бара референдум за дигиталните учебници.* „360 степени“, 15 мај 2021.

Достапно на: https://bit.ly/3A4SOb4

овозможи на трансродовите луѓе брза, транспарентна и пристапна постапка за правно признавање на родот, се повлече од дневен ред во Собранието на РСМ.

Последно, по одржувањето на втората по ред Парада на гордоста, имаше инциденти на физичко насилство врз ЛГБТИ лица, јавноста не успеа да ја разбере смислата на овој настан и потребата за негова реализација, а одредени гласноговорници придонесоа кон подгорување на говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето на социјалните медиуми.

Може да се заклучи дека сето она што се фати во вителот на моралната паника, влијаеше врз претставата на ЛГБТИ луѓето од страна на јавноста – сега, но и во иднина. Компликациите од моралната паника го отежнуваат нивниот статус во општеството на долгорочен план. Моралната паника дефинитивно го оствари својот ефект и пренасочувајќи ја јавноста, стави силни кочници на развојот на целокупното образование, кое доцнеше со децении.

Меѓу другото, последиците од неа ќе ги чувствуваме и кога ќе стане збор за пилотирање на ССО во повеќе од само четири основни училишта во земјава. Суштината на ССО во иднина ќе биде секогаш врзана за дезинформациите, за чие демантирање и оспорување ќе треба да се вложуваат посебна енергија и време.

**Литература**


- Шантал, Муф. *За политичкото.* Фондација Отворено општество – Македонија, Скопје, 2016.
- Cohen, Stanley. *Folk devils and moral panics: The creation of the Mods and Rockers,* Routledge, New York, 2011.
Достапно на: https://bit.ly/39ZWSi3
- Hall, Stuart., Critcher, Chas., Jefferson, Tony., Clarke, John., Roberts, Brian. *Policing the crisis: Mugging, The State, and Law and Order.* The Macmillan Press LTD, London and Basingstoke, 1982.
Достапно на: https://bit.ly/3A8stJ3
- Canovan, Margaret. *Populism.* Juntion Books, London, 1981.


**Закони, пресуди и одлуки**


- *Нацрт-верзија на Концепцијата за основно образование,* Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 23 декември 2021.
Достапна на: https://bit.ly/3FbIB07
- *Предлог-закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование,* Влада на Република Северна Македонија, април 2021.
Достапен на: https://bit.ly/3A9LlaK

- *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција*, Министерство за правда на Република Северна Македонија, 5 мај 2021 (последна изменета верзија)
  Достапен на: https://bit.ly/39ZOQWv
- *Случај на X v. Република Македонија (Жалба број 29683/16) (пресуда),* Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, Стразбур, 17 јануари 2019.
  Достапно на: https://bit.ly/3l15yLk
- *Променета ознаката за пол на лицето Икс: Напредок во постапката за правно признавање на родот, неопходна е измена на Законот за матична евиденција,* Коалиција МАРГИНИ, 26 октомври 2020.
  Достапно на: https://bit.ly/3uxHNOj

Издавач
**Коалиција МАРГИНИ Скопје**

Главна истражувачка и
авторка на Извештајот
**Ирена Цветковиќ**

Истражувачки и авторки
на студии на случај:
**Мања Величковска и Елена Гаговска**

Лектура
**Виолета Танчева-Златева**

Дизајн
**Дарко Алексовски**

Печати
**ДАТА ПОНС**

Тираж
**100**

Скопје, октомври 2021

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

305-055.3:316.774(497.7)(047.31)
364.63-055.2:316.774(497.7)(047.31)

ЦВЕТКОВИЌ, Ирена
Сексуалните малцинства, родот и медиумите: анализа на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата и родово заснованото насилство / главна истражувачка и авторка на извештајот Ирена Цветковиќ; истражувачки и авторки на студии на случај Мања Величковска и Елена Гаговска. Скопје: Коалиција МАРГИНИ, 2021. 85 стр.; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон главите

ISBN 978-608-4803-36-2

1. Величковска, Мања [автор] 2. Гаговска, Елена [автор]
а) Сексуални малцинства -- Медиуми -- Македонија -- Истражувања б) Родово насилство -- Медиуми -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 55227909

---

Коалиција МАРГИНИ

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania |
North Macedonia